СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Второто продолжение на Педесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 12 февруари 1993 година

Скопје, февруари 1993 година

**СОДРЖИНА НА ДИСКУТАНТИ ОД II-ТО ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 55-ТАТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, одржана на 12.02.1993 г. (петок)**


1. АРСОВСКИ БРАНКО - 14
2. АБДИ ФАИК - 51
3. АЛИУ ХАМИД - 68
4. ГЕОРГИЕВСКИ ЉУПЧО-69
5. ЗМЕЈКОВСКИ БОРИС - 8
6. КОВАЧЕВСКИ КИРИЛ - 62, 68
7. ЛИЧОСКИ ВЕЦКО - 20
8. МЛАДЕНОВ ВАНЧО - 26
9. МАРКОВСКАЃУЛИСТАНА - 45
10. МАНЧВЕСКИ ЈОВАН - 94
11. ПРЕВАЛА ШАБАН - 31
12. РАХИМИ ШУКРИ - 49
13. РАМАДАНИ ИСМЕТ - 59
14. СТОЈАНОВСКИ НИКОЛА - 37
15. ТОШЕВ БЛАГОЈ - 38
16. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР - 1
17. ХАЛИЛИ МУХАМЕД - 69
18. ЦВЕТКОВСКИ СТОЈМИР - 17


продолжува

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од II-то продолжение на 55-тата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 12.02.1993 година

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија со почеток во 11,25 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија,

**СТОЈАН АНДОВ:**

Имаме доволен број присутни пратеници за да почнеме со работа.

Пратениците Александар Гештаковски, Ламбе Арнаудов, Ристо Стаменов ме известија дека 6д оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинството на пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Збор има господинот Димитар Трпеновски.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСЌИ:**

Почитувано претседателство, почитувани колеги. Собранието на Република Македонија по прашањето за меѓународното признавање на Македонија не за прв пат го претворивме во една голема раскажувална за нашите маки, свесни за тоа дека држава со признат меѓународен суверенитет има не само политичка сила туку и правна сила. Ние имаме политичка сила како суверена држава, но слабо правно дејство во Европа

Во овие мигови кога бараме меѓународно признаваше на Македонија не смееме да заборавиме на фактот дека демократскиот модел што го зацртавме има своја инфраструктура и дека многу малку

работиме на реализација на инфраструктурните елементи на демократскиот модел, а тоа е конституирањето на правната држава, владеењето на пазарната економија и владеење на правото. Тука многу доцниме и во Републикава се одвиваат на непримерен начин многу процесии низ распадот на моделот кој што можат да ги доведат граѓаните до состојба на социјална беда и Владата тука мора многу брзо и многу поенергично да работи на формирањето, барем на нашиот економски суверенитет.

Суверенитетот и крупно право од венецот на демократските права на народите. Изведен е од арсеналот на човековите права и / слободи, чиј креатор е Европа, почва каде се случија две светски војни и каде сега сеуште се одигрува уште една војна и тоа во земја- та што играше улога на санитарен кордон меѓу учесниците во 4 5 годишната студена војна. И, не сум ни сонувал дека Европа, проектантот на Кодексот на човековите права и слободи и творецот на моделот за демократска мирна трансформација на реал социјалистичките општества нуди празни ветувања и ништо не стори не само за Македонија, туку ништо не стори и против начелото – примена на сила кое што толку силно го прокламираше. Меѓутоа, Македонија сеуште живее во мир. Па нели и најлошиот мир е подобар отколку говорот на оружјето? Мирот е врховна вредност на позитивната национална кохезија на плуралните политички партии во Македонија. Во Македонија нема политички парти и народ во униформа, со оружје на готово. Сеуште немаме наплив на нов колективизам, војнички колективизам ва етнички чисти поединци кои се судираат меѓу себе. Тоа е голема придобивка на демократијата во Македонија.

Националните интереси за суверена држава ги браниме со толеранција. Со права и правда за нас и, другите околу нас, а сега, па и во иднина националниот интерес налага, и тоа императивно, да ги

победиме со демократија прво сопствените зла, а потоа и злото на оние што не опкружуваат и го попречуваат едно од најкрупните човеков права, правото на самоопределување на национал- идентитетот, признавање на Република Македонија под нејзиното име.

Меѓутоа, многу нешта умираат сами од себе кога, особено кога се нечисти и нечесни. Па, сметам дека и оваа енигма еден ден ќе исчезне. Во историјата на човековото помнење познати се случаи на падови и успони на огромни империи: Елинската, Римската. Се менува и политичката карта на Европа и Светот. Распадот на Ју-државата е завршена приказна. Ју-државите излегоа од координатите на источниот блок. Преструктуирањето на светот и на сцена. Сонот за Голема Србија видовме што донесе популизам, а секој популизам завршува со војна. Тоа не го посакуваме на нашите простори.

Си го поставувам прашањето зошто во Македонија и за Македонија сите работи се одвиваат на најтежок можен начин? Затоа, да ги погледнеме работите право во очи. Бивша Југословенска Република Македонија - име што сакаат да ни го импутираат., Зошто таква енигма? Зошто тоа? Па, нели Македонија беше во еден кус период, периодот на транзиција од распадот на Ју-претседателството, и нашето членство во него до 8 септември 1991 година, Референдумот, кога согласно на меѓународно правните норми се верифицира политичката волја на Македонскиот народ за самостојна држава Република Македонија. Бивша Југословенска држава Македонија е историја, според тоа. Закономерно, патешествие на враќање на делот на суверенитетот како влог во Ју-државата. Референдумот и Уставот. се Свршени работи.

Епилог - Република Македонија' суверена држава, создадена во II Светска војна со крв, како што и досега настанувале сите држави. Тоа е она парче на историската Македонија што окупаторските сили го

нарекуваа "Вардарска Македонија" и што Македонците со автентични сили го ослободија, го прогласија за држава и да не заборавиме, со амин на големите сили.

Република Македонија која географски припаѓа на Европа, но само географски сега за жал, почитувајќи ги демократските принципи на Европа- пројави политичка волја да асоцира со големиот економски Европски организам наречен Европска заедница и да помине низ големиот модел на преструктуирање и изградба на демократска инфраструктура повеќепартизам, правна држава, пазарна економија, граѓанско општество. Процесот на самоопределување го изведе на демократски легитимен начин, по мирен пат, школски пример на изведба и обликување на суверенитет на држава, примерено на Европските проекти. Политичката волја да асоцира со Европа и со меѓународната заедница е природно и демократско право на народот на Република Македонија

Во долгото и мачно патешествие на нашата дипломатија и нашиот суверен низ европските метрополи, во Лисабон, Лондон, Единбург, со пресуда во раце на врвно арбитражно тело на Европската заедница и тоа конечно и без право на жалба, наидовме на една стара структура која наликува на Букурешт, на Берлин, Версај, со грчкото вето, како апсолутна волја на една членка над волјата на сите други.

Ако основниот постулат на меѓународното право е мир и безбедност за сите, како врховна вредност, тогаш каде е заштитата на другите вредности во хиерархијата на вредностите? заштитата на, државата единка, заштитата на народот, на неговото право на самоопределување на корпусот на човековите права? Ова мора да го знае секој државник, секоја држава па и Грција.

I/5.-

Суверенитетот на државите е изведен од суверенитетот. на индивидуата, граѓанинот што е основа на демократските држави, рехабилитиран и афирмиран граѓанин и негово извлекување да не се потопи во колективистички творби: фашизам, национал-социјализам, комунизам. Ете така, Европската заедница по примерот на каноните . на грчките трагедии после прологот и катарзата следеше епилогот непризнавање на Македонија. Позната е една парадигма, една вистина дека ниту една балканска земја не ја операционализирала својата политичка волја за суверена држава ако позади неа не стои некоја голема сила. Актуелна велесила. Еклатантен пример за тоа е Словенија и Хрватска кои, својата национална идеја ја остварија врзувајќи се за Германија, која, ширејќи го економскиот организам на Европската заедница пак доминира со силата на економската моќ и ја менува политичката карта на Европа.

Се поставува прашање дали и за Македонија има некоја вонбалканска велесила? Секако дека прифатлива е и за мене политиката на еквидистанца со соседите. Меѓутоа, нашата дипломатија, па и Влада и парламент мора да размислат за потребата и од евентуален сојуз со некоја друга вонбалканска сила која и мисли добро и праведно на Македонија.

Добро е што се преселивме и во обединетите нации. Таму доминира како Владејачка сила американската школа тоа не е познато. Македонското прашање од Европско стана светско. САД е суперсќла која со сила е способна да спречи употреба на секоја сила таа е победничка во 45 годишната студена војна; Нејзина основна одредница е непроменливост на границите со примена на сила. Нејзина одредница е на бившиот југословенски простор самостојни,суверени мини унитарни држави. Па, ние спаѓаме во тој концепт. Тоа е и нашиот поглед.

Антимакедонското оро и натаму го води Грција, користејќи ја својата положба на повластена членка во Европската заедница, која јавно тврди дека е и клучна сила на Балканот. Меѓутоа, каква е нејзината Европска легитимација на Балканот? Не ги почитува елементарните човекови права на македонците, констатација на Стејт Департманот, го одзеде земјиштето на политичките емигранти и бегалци во време на Граѓанската војна, го забранува враќањето на македонците на своите огништа, со својот однос кон македонското прашање ги заострува односите на Балканот, непризнавањето на Македонците како нација тоа е индикатор пресметан за заострување на односите на Балканот. Проектира психолошка војна и создава привид за безперспективност на Македонија. Го користи македонското име со шовинистите на Панмакедоники како марионети за .своите агресивни цели. Не водат сметка дека не е обезглавената Македонија по Илинденското востание, туку дека Македонија е Современа демократска држава и дека не:сме, земја на раја и аргати туку општество со творечки потенцијали на стопански, духовен и културен план.

За жал, во време на барање патишта за колективна безбедност во Европскиот дом нашите соседи носат војска на границата, се занимаваат со милитадтни планови. Прва жртва на такви проекти е мирот и демократијата и демократскиот развој на Балканот. Според тоа и на нашите соседи. Тест за вистински мир на Балканот е односот на сите што не опкружуваат, спрема Македонија.,

Што да се прави? Неодменлив услов за мир на Балканот е Грција да биде принудена од меѓународната заедница да ги исполни обврските дадени со својот потпис во Хелсонки и на КЕБС за да се создаде толерантна и демократска клима за дијалог на Балканот. Тоа е единствениот и миролубив пат.

I/7.-

Меѓутоа, да се чуваме сами да не си наштетиме. Тука им забележувам на политичките партии, на претставниците на политичките партии на народот, на политичките партии и во Парламентот, што многу долго обезбедуваат политичка кохезија околу најбитните координати од национален интерес на Републикава. Национал-патриотизмот да не го трансформираме во екстремен национализам. Активностите на Владата и на Македонската интелигенција за запознавање на меѓународната јавност со македонското прашање треба да се интензивираат. Потребна е изработка и активирање на проектите, законите од страна на Владата за излез од стопанската криза. Потребно е обезбедување на позитивна национал-кохезија на политичките партии присутни во Македонскиот парламент заради тоа што тие ја носат најголемата одговорност за иднината на Македонија и мирот на ова мало парче Балканска земја.

II/1.- СЈ/ЉР

**БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ:**

Почитувнаи пратеници, дами и господо, на првиот дел од оваа значајна седница на Собранието бев еден од оние кои штос е залагаа седницата да биде јавна. Сметав дека предлогот на Владата седницата да биде затворена не е ништо друго туку обичен блеф или алиби со кој претседателот на Република г-динот Киро Глигоров, Владата, министерот Денко Малевски попусто се обидуваат пред нас како пратеници на Собранието, пред македонската јавност и пред целиот свет да најдат каков - такво оправдување за неуспехот што го доживеа на меѓународен план со процесот на генералното признавање на Република Македонија и приемот на Обединетите нации. Вака, по неприфакањето на нивниот предлог за отворена седница можеме да очекуваме само реприза на добро познатата приказна дека доколку ќе прифатеше предлогот  на Владата ќе биле изнесени веројатно позитивни факти во врска со поширокото јавно признавање на македонската држава.-'Таква приказна повеќе не пали, не поради друго но поради една единствена причина се веќе ни е доволно јасно и познато до када не доведе мудрата политика на г-динот Киро Глигоров и неговиот најспособен министер Денко Малевски. Оргинирана лага е дека двајцата кормилари на македонската надворешна политика имаат нешто позитивно да кажат на затворена седница за признавањето на Македонија. Да имаше тоа ќе го стореа јавно на големи ѕвона на исти начин како што македонските средства за јавно информирање две години ни пласираат благонаклони изјави ' за Македонија и за мудроста, за нашиот претседател од третокласни политичари во светот. Додека нема ништо ново да кажат од што би не охрабриле и барем малку разведрило во однос на иднината на нашата држава и народ покажува и пошироката информација на Владата во која освен во оваа фактографија и празни .фрази нема ама ништо

II/2.-

позитивни за нашето меѓународно признавање и приемот во ОН. Сепак откако човек малку повеќе ќе размисли и можеби не ќе беше лошо седницата да беше затворена за јавноста, барем од познати причини.

Имено, навистина не е пријатно пред македонскиот народ и пред пошироката јавност да се признае дека македонската надворешна политика сепак доживеа целосен неуспех на планот на поширокото меѓународно признавање на Република Македонија. Поединечно признавање од државите кои до сега формално не признаа, се должи пред се на нивниот позитивен и пријателски однос кон Македонија, а не поради поголемата активност за таа цел. Факт е дека Република Македонија не е примена ниту една позначајна меѓународна организација или институција. Најголем успех според мене е извештајот на Бадинтеровата комисија, преставува фактот !што Македонија не беше примена во движењето на неврзаните земји со што Македонија на индиректен начин се спаси од една бедна у|лога што требаше да ја игра по углед на нејзината маќеа Југославија. Се друго е друго е пораз до пораз. Брисел Лисабон, Единбург, а сега и Њујорк. Треба да се признае и тоа дека Македонската надворешна политика во изминатите 2 години беше исклучива привилегија и право на само две личности, на претседателот н а Републиката Киро Глигоров и министерот Денко Малевски. Сите останати легални органи во Републиката беа исклучени од тој процес, а пред се Владата, Собранието на Република Македонија. Општо е познато дека овие двајца не само што покажаа неспособност дилетантност во водењето на надворешната политика, туку врз себе си презедоа и преголем товар и ризик самите без никого да прашаат, одлучуваат за така важни суштествени прашања како што се промените на името на Републиката или прифакањето на присуството на сините шлемови во Републиката. За сите работи одлучуваа самите.

за да ниту еднаш не најдат за погодно, а за погодно да најдат начин во тој процес во витално значење за македонскиот народ и за македонската држава да ги вклучат сите политички субјекти во Републиката,• без оглед на нивниот статус на позицијата или опозицијата. Но, за едно такво нешто треба да се биде голем политичар, голем државник, голем визионер. На сите ни е јасно дека г-дата Глигоров и Малески се премногу далеку и од едното и од другото и од третото.

Затоа премногу цинично и трагикомично прозвучи зборувањево на г-динот Малевски кога побара во напорите за нашето признавање да се вклучат и други субјекти. Во тоа не би имало ништо лошо, освен суровата вистина дека ми се чини дојде премногу доцна. Да беше тоа уште пред една година денешната слика за Македонија, нејзината позиција во светот ќе беше сосема поинаква. Треба да се признае исто така дека битката за меѓународно признавање на Република Македонија и приемот во ОН ја водат неспособни луѓе кои никогаш јасно и децидно не се определиле до крај за вистинска и суверена македонска држава. Во сите нивни постапки недвосмислена е присутна Југословенската опција од која никогаш не се откажале. Сите чекори што се преземени во прилог на вистинска македонска сувереност беа под притисок на јавноста и задолжителност по југословенската концепција. Да ве потсетам само на нашиот негативен став спрема напорите на Словенија и Хрватска кога нашето раководство наместо да се бори да бидеме признаени заедно со нив, упорно се бараше тие да бидат непризнаени.

Да ве потсетам и на платформата Глигоров - Изедбеговиќ или на опашката на референдумското прашање кој за многумина е актуелно или на разговорите Глигоров - Милшевиќ или Глигоров- Паниќ или кршењето на санкциите према СР Југославија итн. Сето тоа можеше да остане, незабележана од оние земји од кои ние денес бараме меѓународно

признавање. И кога сме веќе тука нели е парадоксално да очекуваме за нашето меѓународно признавање да се избори г-динот Денко Малевски тој јавно призна дека такво нешто може да се очекува само без него. Во никој случај не смееме да ја заборавиме постојната манипулација со чувства та на нашите граѓани, почнувајќи од тоа дека ќе бидеме денес признаени, утре, за една недела, месец или година. Не треба да ве потсетуваме и на филуваните изјави дека цел свет паѓа во транс кога ќе го слушне името на нашиот Претседател, а истиот тој свет не не ферма ниту 2% и еве пак не не признава. Истиот тој свет го, нема никогаш примено нашиот г-дин претседател Киро Глигоров. Најголемата манипулација, видовме пред еден месец кога јавно бевме информирани дека нашата молба за прием во ОН не била поднесена ниту во јули, не била активирана ниту во септември или декември, како што не лаже нашето врвно раководство, туку точно на 8 јануари, 1993 година. Според мое длабоко уверување предоцна.

На крајот и она најважното. Нашиот државен врв нема јасна стратегија и тактика за тоа што треба да се прави, Македонија да се најде таму каде што заслужува. Тоа го покажува сета нивна досегашност, тоа го покажуваат постигнатите резултати, тоа се гледа и од понудената информација. Целокупната наша активност на меѓунанроден план беше дефанзива, стерилна, самопокажувачка, без стратегија и без визија. Ако беше поинаку немаше да ни се случи Лисабон Единбург, Брисел, Њујорк, немаше да ни турат додавки, заменки, а немаше ни да слушаме ни такви организирани глупости, како она, печатењето на историските карти на Македонија во етнички граници преставува манифестирање на територијални претензии спрема соседите. Верувам дека Грција и Мицотакис нема да останат рамнодушни спрема ваквите изјави и на дотичниот мудрец наследник на една стара, мудра политика, ако ништо

друго не му изградат барем една вила во родното место на неговите родители во Нивица крај Преспанското Езеро.

Ете за тоа почитувани пратеници седницата требаше да биде затворена. Ваквите лакрции навистина не се ниту за домашната, а уште помалку за светската јавност. Ете затоа ние денеска ние сме овде за што сме, непризнати, понижени, неприфатени, пред отворен гроб пред грозоморен чин, национално и државно' обезличување. Денес како и минатиот пат повторно се нуди не една , туку три додавки, нова уште полоша промена на името од она со додавката Скопје на г-динот Глигоров. Повторно ни се продава рок за свеќи и ни се ветува магла без никаква конкретна надеж дека со ваквото раководство и со ваква политика ќе успееме да постигнеме нешто повеќе.

Уште на минатата седница кога расправавме за истото истакнав дека ние фактички се вклопивме во еден од сценаријата кое има за цел целосно бришење на нашето вековно име Македонија и после дека еден месец ќе расправаме за ново име. И, навистина, еве тоа се случува. денес, а се плашам веќе следниот месец од нас ќе се бара дефинитивно да се откажеме од нашиот национален идентитет бришејќи го името Македонија. Иако името што ни го ставаат само за себе доволно кажува сепак би потсетил неколку пати.

Прво, предложеното име Бивша југословенска Република Македонија е најлошата варијанта што може да биде предложена. Неговиот привремен карактер јасно покажува дека на нашата. држава, на Република Македонија се гледа како на привремена држава. Згора на тоа нема никакви гаранции дека дури под ова име ќе бидеме примени во ОН. Со едно вакво име единствените два резултати се следните. Во догледно

време да отпадне она бивша и да остане само Југославија, Југословенска Република Македонија што може би е вистинска цел на г-дата Глигоров и Малески, и второ од целото тоа долго име да остане само она бивша, како што неодамна напиша еден познат професор во Републикава.

Вториот факт е што сакам ;да го изнесам е тоа што претседателот на Републиката, Владата, министерот за надворешни работи како и квалификационите партнери во Собранието до денес не,изразиле никакво несогласување по ваквиот предлог што јасно зборува за нивна премолчлива или можеби дадеме согласност за промена на името, односно за наше обезличување како народ и држава. Во вакви прилики споменатите господа единствено што требаше да направат е да понудат декларација со која Македонскиот Парламент најенергично ќе го отфрлеше неговиот предлог тако што тој го направи со делот од Лисабонската декларација, а таква декларација на вам, на пратениците, вие е познато дека ВМРО ДПМНЕ вчера г^однесе до Македонскиот Парламент.

Почитувани пратеници на седницата на која расправавме додавката Скопје на г-динот Глигоров му порачав дека едноставно добро што може да го направи на македонскиот народ за Македонката држава е да ја напушти политичката сцена. Следуваше негов храбар одговор дека таквото прашање треба да се постави во Парламентот, па тој нека одлучи. Познато ви е на што се должи таквиот одговор простата парламентарна коалиција и математика во самиот Парламент но исто така познато ми е дека вистинските одговори и големи државници сами си заминуваат од функциите секогаш политиката што ја воделе доживеа неуспех, доколку власта не преставувала нивна единствена животна цел и опција.

Денес нема да барам ниту оставка, ниту одговорност од никого. Единствено што можам да им порачам е следното: народот гледа, памети и ќе прозбори.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувани пратеници, почитувани претседателство, прво и основно што јас го сметам за важно и суштински за денешната расправа е во прв ред насловот на Информацијата за активностите околу приемот на Република Македонија во ООН, второ, нејзината содржина, трето експозето на министерот за односи со странство, г-дин Малевски и четврто Извештајот на работното тело на ова Собра- ние, на матичната комисија односно на Комисијата за надворешно. политички прашања и односи со странство на Република Македонија.

Заради рационалноста, и се разбира заради карактерот целта и суштината на напред споменатите ќе се задржа, во кратки црти поодделно за секој. Што се однесува за Информацијата, мое лично видување е дека истата прави напори, хронолошки и фактографски не да не информира, туку да не потсети на општопознатите активности на Република Македонија околу нејзино меѓународно признавање и зачленување на ООН што за мене во Информацијата нема ништо ново, што би било ново за нас пратениците, па и граѓаните на РМ од причини што нашите ценети информативни средства, пред се радиото и телевизијата на Македонија беа на потребно ниво и сосема изворно и класично не информираа за се она што беше сврзано околу признавањето и зачленувањето на Република Македонија во ООН. Лично сметам дека Информацијата е многу оптоварена со активности што започнуваат од средината на 1991 година од кога и започна распаѓањето на бивша Југославија за да многу помалку се објаснува за приемот во ОН што и насловот е на оваа Информација.

II/8.-

Меѓутоа, експозето на г-динот Денко Малевски сметам дека ја надополни самата Информација од причини што поконкретно, но и отворено се произнесе за проблемите кои се присутни околу зачленувањето на РМ во ООН. Тоа значи и покрај големата наша, односно желба за признавање и зачленување во ООН сепак на тој пат стојат пречки кои не зависат од нас, а не зависат сосема од други субјекти, а пред се: грчкото противење, интересите на ЕЗ, НАТО и САД, влијанието на членките на Советот за безбедност и влијанието на членките се разбира во организацијата на ОН. За какви пречки се работи и каков е нивниот имиџ, сила и авторитет во сите меѓународни институции не треба да се зборува. Оттаму според мене произлегува сам по себе еден единствен заклучок дека признавањето на РМ нејзиното зачленување не зависи секогаш од самите нас, што не би можело да се рече во апсолутна смисла на зборот имајќи ги во предвид сите активности кои беа присутни од нас пратениците и до политичките партии, туку од сосема други кои се посилни од нас. За мене останува убедување дека сепак нашата дипломатија и нашето раководство, се разбира, според своите способности и авторитет направиле голем број на активности и придонеле за афирмација на Македонија како самостојна независна, но социјална држава. За мене останува и понатаму верба и оптимизам дек сепак Македонија ќе биде призната од повеќе субјекти во Европа и Светот и верувам во нејзиното зачленување во ООН, но ќе мораме да бидеме стрпливи, толерантни, без изливи и емоции заради тоа што сепак политиката е голема вештина и за нејзиното остварување е потребно и време и знаење планирана и конструктивна комуникација со сите па дури и со оние кои ја негираат нашата само- стојност под името Македонија.

Инаку, го поддржувам мислењето на г-динот д-р Малевски дека активностите треба да продолжат околу признавањето и зачленувањето

во ООН, но ќе мораме нашата социјална енергија да ја насочиме кон разрешување кон натрупаните економски, социјални па и политички проблеми, со единствена цел да ја подобриме социјалната и економската сигурност на нашите граѓани, кои поради состојбата во која се наоѓаат го изгубиле своето лично и семејно достоинство. Според тоа, останува и понатаму определбата за интензивирање на нашата надворешна политика околу признавањето на Република Македонија и нејзиното зачленување во ООН, но за нејзиното водење и остварување Министерството за односи со странство би требало да изготви уште поквалитетна стратегија во чие остварување би требало да се вклучат ' сите способни и креативни кадри и институции во Република Македонија па дури надвор од ена вклучувајќи ја тука и матичната комисија на ова Собрание, парламентарните групи од Парламентот, Владата, но . не само преку Министерството за односи со странство и останатите министри итн. Меѓутоа, вклучувањето на повеќето субјекти не треба да се одвива стихијно е синхронизирано, баш напротив синхронизирано и планирано во координација од еден субјект, па нека биде и В^адата, претседателот на Републиката или некој друг.

Инаку, лично сметам дека до сега да дипломатијата беше оставена на еден или двајца луѓе според мене ниту психички ни физички не ќе, биде во можност, не беа во можност не заради неспособноста, туку заради обемот и итност на одредени активности квалитетно да ги извршуваат.

На крај сакам да го известам Парламентот дека во целост го прифаќам извештајот на матичната комисија, Информацијата и експозето и целосно поддршка давам на поднесениот меморандум на претседателот на Република Македонија Киро Глигоров до претседателот на меѓународната организација Бутрос Гали

II/10.-

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Јас ќе замолам повторно за дисциплина и да ги ислушаме пратениците кои се јавуваат со своите дискусии.

За збор се јави г-дин Стојмир Цветковски.

**СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, Иако Република Македонија званично по однос на името нема добиено никаков акт, меѓутоа вистина е докажано од праксата, дека во колку има такви наговестувања, особено од таканареченото друга арбитражна комисија дека името на Македонија ќе трпи промена во смисла на бивша Југословенска Република Македонија, мислам дека нашето раководство би презело сите соодветни мерки придржувајќи се на уставните определби и на референдумот на граѓаните на Македонија името на Македонија да биде така како е и зацртано, Република Македонија. Мое лично мислење е тоа што всушност се случува на тлото на Европа, земја која всушност преставува колепка на развојот на културата ^ и на се што е така да речам позитивно во однос на развој на наука итн. зачудува фактот што една комисија која произлегува од тие исти универзитети на овие европски стари земји тоа е Бадинтеровата комисија, донесува акт како Комисија на правни лица кои се коинцидира со сите меѓународни правни акти, додека пак друга група, која така да речам произлегува од ситите факултети и од истите средини води една политика од страна на нивните политичари кои на некој начин овој пат Македонија, а друг пат некоја можеби друга поголема земја ги засегнува и ги обесправува, токму таму каде што е најосетливо, односно на некој начин да го негира основното име, името на државата кое што име го има и народот. Мислам дека сите препирки околу тоа дали нашата Влада, нашите

одговорни раководители преземале доволно мерки во однос на тоа името на Македонија да се признае така како е без предметно поради тоа што и вие сами знаете какви се посети не се направија, и какви се разговори итн. меѓутоа , една е вистината дека токму државата која како наш прв комшија, држава со иста вера, држава со која до вчера бевме така речи исцело и за време на летните одмори итн. присутни во нејзината средина, па слободно можам да кажам дека дел од нејзиното крајбрежје, токму Македонија е изгради сега се однесува така да практично како ние да не постоиме да сме ние сега групација на луѓе кое го измислуваме ова име, кои ја измислуваме историјата итн.

III/1 лк/см

**СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ***: (*Продолжение).

Ова е нешто што не е производ можеби само на самата Грчка колку што во овој циркус се вклучени безброј држави, безброј паргиски влијанија и интереси на одделни земји за делеше на сфери на влијание итн. Гледајќи го целиот овој проблем така беспредметно е тука да развиваме полемики и да обвинуваме еден или друг раководител. Сметам дека на Земјината топка не постои ниедна земја која во однос на виталните прашања за една држава, за нејзиното име, за нејзиниот опстанок се однесува така и врши такви обвинувања спрема своето раководство и мислам дека тоа е нешто што ние во најскоро време треба да го недминеме и треба да се најде еден меѓупартиски консензус како на партиите кои се вон така и на оние надвор од Парламентот, исто така и на другите асоцијации кои на некој начин се запознаени и задираат: во разрешување на политичките проблеми во Македонија.

Од тие причини сметам прво како заклучок, го поддржувам досегашното залагање на активноста на нашите одговорни политичари, потоа го придржувам исто  така со кој исцрпно е даден одговор на сите негаторски ставови и делење во вид на меморандум на државите од страна на Грција. Меѓутоа, едно што е најважно, што ми беше и предмет на дискусија и тоа како заклучок, се укажува една неопходна потреба од единство на сите наши парламентарни и вонпарламентарни партии поради заедничко гледање и разрешување на проблемите, кога е во прашање државата. Доколку се однесуваме обратно да имаме едно однесување тука во државата, друго однесување надвор, тоа дава за право на сите други, барем од наше време, еве да кажам од мое време откако ја познавам политиката итн., да ние не сме способни како народ итн. да го цениме своето раководство и да го цениме тоа. Мене лично би

ми било срам и би ми било крајно неугодно и не би можел да си дозволам да претставувам луѓе од еден регион доколку јас не доследно се однесувам спрема избраните политичари, од страна да се на било која друга партија, а не на мојата партија. Сметам дека тоа треба сите партии така да го гледаат овој проблем.

На крајот имајќи предвид дека овој проблем како и сите други проблеми поврзани со Македонија, нема така лесно да оди, ќе бара свој од и тек, мислам дека е неопходно ние конечно, како што кажаа и другите дискутанти, како преокупација во нашето парламентарно работење да го земеме проблемот на стопанството, проблемот на социјалните тензии за да на некој начин ги разрешиме оние проблеми и да не ги доведеме луѓето на питачки стап.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ**

Има збор господин Вецко Личоски.

**ВЕЦКО ЛИЧОСКИ:**

Господа пратеници, прво пред да почнам со мојата дискусија, јас би кажал нешто ќе ми 5иде ако тоа' ве го искажам дека оваа информација што ни е дадена од страна на Владата е толку сувопарна и дадена во таква смисла што ние од неа сето она што го имавме сме го слуша^е, го слушаме и ќе го слушаме не само ние како Парламент, туку и целокупната македонска јавност што го слуша. Кога се бараше да биде затворена седница, јас сметав дека ние како парламентарци кои повеќе пати имаме добивано материјали од стр.доверлив карактер, било тоа да е преку Министерството за внатрешни работи, било овде во салата број 17 каде што ние како пратеници можевме и можеме да го искажеме односно да го прочитаме она што е тајно за нас како пратеници односно

за јавноста. Тоа не го добивме и не знаеме што сакаше Владата да каже со затворената седница. Тоа е прво.

Второ, не можам да кажам и да се смирам со тоа и да речам дека се е в ред, кога веднаш можам да кажам овде дека овде од оваа говорница кога зборуваме, две години веќе зборуваме и бараме признавање од страна на нашето врвно раководство, меѓутоа, над нас стои сеуште петокраката црвена и овде пред нашата говорница, каде што бараме по секоја цена да донесеме грб, да ја заокружиме државноста на Македонија. Какво признавање ќе бараме ние надвор особеново западниот свет, каде што се знае дека оваа држава односно бившата Југославија беше атеистичка држава која не веруваше во ништо друго освен во петокраката црвена и српот и чеканот.

Понатаму, што се однесува до нашето признавање и до нашето име кое што го имаме, јас сметам дека со донесувањето на Бадинтеровата комисија, а кое беше некаде на/15 јануари 1992 година, ние знаеме многу убаво дека таа Бадинтерова комисија не само нам ни даде легитимитет, на Словенија и Македонија, меѓутоа, таа Бадинтерова комисија беше Комисија формирана не за признавањето на Македонија, само за признавањето на Македонија, туку беше за признавањето на целокупната Југославија односно на сите републики кои беа во Југославија. Тоа беше Словенија, Хрватска, итн.

Што се однесува до натамошното признавање, според мене, цело време од некаде, каде што, овде е фино кажано во оваа информација, од 30 јуни наваму 1992 година беше активно вклучено нашето врвно раководство за признавањето на Македонија. Пред тоа, особено во време на Бадинтеровата комисија, нашето раководство постојано зборуваше за некаква Југославија која што треба да биде федеративна, суверени држави итн., а тоа го знаеме со Платформата која што ја имаше Глигоров - Изетбеговиќ.

III/4

Што се однесува сега за името на Македонија, според мене, јас мислам дека најголемата грешка која за мене сметам дека е грешка, е тоа што нашето врвно раководство не ги вклучи и другите средства или луѓе кои беа или кои се наоѓаат во Македонија, особено што ние знаеме дека овде имаме Македонска академија на науките и уметностите. Ние овде можеме да кажуваме и било што, и било каква историја да кажуваме, но таа историја можеме да ја кажуваме само заради тоа што ние имаме читано од режимските книги, од книгите кои се пишувани исклучиво во времето на оној систем кој што владее. Без разлика каков е тој систем, системот кој бил, владеел и ги пишувал книгите и на одреден начин тие книги ние ги читаме и ние сега од тие книги ја искажуваме овде историјата ваква или онаква. Ако беа вклучени историчарите на таа Македонска академија на науките и уметностите, кои ние знаеме дека после 50 години отворањето на целите архиви од Турската империја, и ние читавме, гледавме и слушавме на радиото и телевизијата дека се донесени многу акти и документи од таа историја. Според тоа, никаде ништо не слушнавме и не видовме кои се тие документи што се донесени, какви се тие документи што се донесени и што пишува во тие документи. Што направија? Телевизијата која во последно време, прво не беше така, меѓутоа во последно време од 30 минутна информативна емисија, 20 минути !дава како е Босна и Херцеговина, каква војна таму се води, како е Хрватска, каква војна таму се води, никаде не слушнавме и не видовме на таа телевизија да каже како Словенија оди напред, каква економија води Словенија, како Хрватска ја води својата економија. Никаде не слушнавме, никаде не видовме. Понатаму, на нашата телевизија цело време ни даваат програми кои се сателитски, кои гледаме сега на оние другите програми. Зарем не можеше таа наша телевизија да застане и да дава аргументи, историски работи и сите тие документи за да ја докажат целокупната историја на македонскиот народ

за да знае овој македонски народ од каде му е потеклото, како му се вика државата и сето тоа, а не ние овде да кажуваме сега дали треба да биде вака или онака. Само на таков начин ние ќе можеме да постигнеме одредена цел. Тоа е она не вклучување од страна на нашето врвно раководство на Македонската академија на науките и уметностите која кај нас постои и ќе постои.

Понатаму, што се однесува до признавањето на Македонија, ние знаеме дека веднаш на Југославија ние имавме некаде околу 20, можеби и повеќе, наши дипломати кои беа испратени во дијаспората, било тоа да се соработници на тие конзули, било тоа да се конзули, дури и амбасадори. Еден од тие амбасадори е господинот Андов, кој јас читајќи, слушајќи, гледајќи, господинот Андов не е вклучен никаде како амбасадор да ја каже неговата вистина, односно да ја бара државноста на Македонија. Тој бил само на едно 3-4, колку се сеќавам, состаноци, на тие состаноци сигурно бил со некоја парламентарна делегација и таа парламентарна делегација сигурно е кажано само на еден одреден начин за признавањето на Македонија. А што  се однесува за другите на дипломата ги вративме назад и им рековме: Луѓе, вие седете, па кога ќе ни потребате ќе ве побараме. Сеуште нам тие дипломати не ни требаат и сеуште ние не ги бараме и не можеме да ги најдеме и да ги испратиме таму каде што треба тие како Дипломати да ја докажуваат нашата стварна вистина односно да го докажуваат она што ние денес го бараме и не само на оваа седница туку на повеќе седници наназад што ги бараме тие работи и да обвинуваме овега - онега. Ако таа дипломатија беше вклучена во досегашната работа, односно за признавањето на Македонија, за признавањето на името односно за докажувањето на името, во тој случај сигурен сум де ка денес немаше да расправаме за една ваква, работа. Зошто? Затоа што верувам дека на одреден начин

ние ќе бевме признати од меѓународната заедница било да се работи за ЌЕБС, било да се работи за ЕЕЗ, било да се работи за ООН. Меѓутоа, не само што не ги вклучивме овие дипломати, туку ние не го вклучивме најсветлото, најјакото што го има- ме ние како Македонија. Сакале или не сакале,да признаеле или да не признаеле, ние постепено меѓутоа срамежливо одиме кон тоа, нашата држава, нашата бивша Југославија беше атеистичка држава, атеистички држави беа сите оние кои се наоѓаа на Исток. Меѓутоа, никогаш не отидовме кај тие што не признаа и да им се молиме и да бараме признавање на нашата држава не од нивна страна туку тие да појдат да се молат во Обединетите нации и било каде, да појдат тие наши дипломати и да ја бараат стварната вистина, односно да кажат дека ова парче зеница, кое што се најдува на Земјината топка, е парче кое што треба да се признае бидејќи е вековито така наречено. Но, со претходно историските документи кои нам ни се дадени односно кои се земени од страна на историчарите, тоа што го кажав преска од Македонската, академија на науките. и уметностите. Никаде не отидовме. Не отидовме во најголемата држава која може да даде вето во Обединетите нации, во Русија, Белорусија, Литванија, Турција, Бугарија, па да им речеме: Луѓе, дајте некако на одреден начин, било што, дајте признајте не, ние сме тие кои што со векови, векови го бараме ова што денес го бараме. Она што денес треба да го имаме. Меѓутоа, тоа го воспоставивме и отидовме онаму каде што знаеме дека не не признаваат, знаеме  ние дека интересите се големи, било да се работи од Грција, било да се работи од Србија, Бугарија и тие тука што се и Франција, нормална работа, сега Шпанија и што знам која држава. Меѓутоа, треба да знаеме и треба да признаеме ние, ако не го земеме

III/7

крстот в раце кој е симбол за победата, во тој случај ништо не правиме. Зошто ова го велам. Крстот треба да го земеме и да одиме напред, знаете зошто? Затоа

Настана тоа што Ватикан прв беше што ги призна и Словенија и Хрватска, а ние бевме признати од Бадинтеровата комисија. Зошто ги признаа? Затоа што Ватикан како единствена црковна институција го даде својот прв чекор и ја призна Хрватска и Словенија. А додека Македонија како атаистичка држава додека Македонија како држава како што реков претходно каде што сеуште стои црвената петокрака, не може да биде призната на еден таков начин. Ние имавме една делегација од господинот Владика Тимотие, тој беше на еден состанок во Ватикан, каде еден од првите македонски достојници отиде во Ватикан, и тоа е една од одредените, од она најпризнатото што може да биде, еден од православието да биде во Ватикан и да присуствува на една таква работа.

IV/1 НН/ЛБ

**ВЕЦКО ЛИЧОСКИ**: (продолжение)

Зошто ние како држава, врвното раководство не застана да рече чекајте луѓе, ти ќе одиш таму господине Тимотие, или на пример на прославата на Св. Кирил и Методиј каде што беше господинот Михаил зошто не отидовме да му речеме покрај овие богослужби што треба да ги правите таму, вие како македонски просветители, како македонски великодостојници ќе застанете, ќе зборувате и за признавањето на нашата Република. Ние сакале или нејќеле срамежливо, но сигурно му се клањаме на крстот. Икс луѓе одат во црквата, икс луѓе бараат помош од црквата бидејќи само господ е непогрешливиот инаку другите сите сме погрешливи и сите грешиме и сите ние ја имаме онаа работа што сега е. Само на еден таков начин, само со една таква работа јас мислам дека ние ќе престанеме овде со признавањето или непризнавањето, со променувањето на името или непроменувањето на името. Само на еден одреден таков начин и приклучување на дипломатијата, на МАНУ, црквата итн. сите тие институции ќе можат да не признаат и да ја докажат стварната вистина дека оваа Македонија е држава која што стоела, постоела и ќе постои уште долги и долги години.

Сполај му.

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ:**

Почитувани пратеници, со внимание ја прочитав информацијата за активностите за прием на Република Македонија во ООН, потоа меморандумот на претседателот на републиката, а исто така со внимание го ислушав и излагањето на министерот на господинот Малевски и при сето ова искрено да кажам не најдов некоја поголема причина или повод за да можам и јас да се вклучам во редот на пратениците кои исклучиво сакаат да критикуваат досегашната надворешна политика на РМ од едноставна причина дека тие се залагале во периодот кој изминал, односно претстојниот период и

периодот по кој ја проследуваме оваа информација дека се залагала за признавање на РМ под било кое друго име, а не по нејзиното уставно определено име дека таа е Република Македонија.

Мислам дека причините за ваков настап на пратениците веројатно е нивна работа, или тие го наоѓаат оправдувањето, или имаат одредена цел, меѓутоа ние навистина треба да се ослониме на она што се факти на она што се документи и од таа причина мислам дека и на таков начин треба да се однесуваме. Мене не ми е навистина познато и јасно како воопшто и во институциите на ООН може да се расправа за прием на некоја држава под некое друго име, а доколку таа ги има поднесено своите документи односно својата документација за прием под името РМ. Мислам во било која институција до колку се разгледува одредено барање или молба тоа барање сигурно се однесува на подносителот, а тој подносител има свое име, свој интегритет ,и никако тие институции не би можеле да расправаат за друг подносител на таа документација.

Од таа причина мислам дека навистина не треба да има, ниту нашите граѓани на некој начин да ги опсипуваме со одредени информации, или попрецизно, одредени дезинформации дека одредени наши структури,  да не речам Владата, или поконкретно Министерството за односи со странство инсистирало нашето прашање да биде решено на друг начин а не на оној начин за кој овој Парламент повеќе пати има расправано и донесено декларација односно документи кои треба да бидат рамки и по кои треба да се одвива водењето на надворешната политика. Бидејќи на оваа проблематика повеќе пати се имаме навраќано и ако констатиравме дека надворешната политика е одраз на

на внатрешната политика односно водењето на надворешната политика претставува презентација на внатрешната политика мислам дека и овој пат е потребно и би било покорисно да се осврнеме навистина на состојбите на внатрешен план, бидејќи по моја оценка и длабоко убедување токму тие придонесуваат за побрзото и побезболно и поефикасно решавање на надворешните проблеми.

Овде, навистина во овие моменти не е ни потребно, не е ни место да се спомнуваат економските проблеми, а бидејќи и тие имаат големо влијание на нашето признавање, меѓутоа повеќе би сакал да кажам збор два за политичките проблеми, односно меѓу- националните проблеми, кои имаат огромно влијание за признавањето на нашата Република.

Пред се би рекол за оние кои се и почесто присутни овде, во нашиот Парламент од одредени парламентарни групи а пред се за проблемите кои постојано се застапуваат од пратениците на пратеничката ПДП и НДП, во кои на некој начин постојано застапуваат одредена теза или размислување на одредена згрозеност на албанците во РМ. Мислам дека навистина аргументите барем кои ги даваат за овој проблем не држат односно и пред поголем број на наши сограѓани се поставуваат и како одговор на тоа прашање поставуваат контра прашање со кое сакаат да ја докажат дека можеби повеќе се загрозени токму македонците отколку што се загрозени самите албанци.

Навистина, можеби ако се чини дека некој е загрозен со тоа што тој бара одредени свои права, па мислам дека навистина не би требало да биде нити лошо сфатено, ниту трагично сфатено, ниту дека со тоа ги загрозува другите. Меѓутоа да се бара многу повеќе од она што навистина може да се добие или навистина она што одредени европски институции, признати и верифицирани во светот дозволуваат едни такви состојби во тој случај мислам дека не се работи за загрозеност, туку

навистина се работи за одредени други состојби кои навистина во овие моменти и во било кои други моменти не би требало да бидат воопшто прифатливи. Оттука би сакал навистина да се обратам кон колегите пратеници од тие пратенички групи дека навистина да не со своите, да не речам нереални барања и пред се презентирање на тие барања надвор од нашата Република во одредени контакти и со политичари и со средствата за јавно информирање од другите држави да тие прашања толку ги вулгаризираат да навистина претставуваат и почнуваат да претставуваат проблем кој навистина претставуваат причина да одредени субјекти кои навистина сакаат да дадат допринос кон решавањето на нашиот проблем, тие со таквите искажувања, со таквите настојувања, кои не коинцидираат со стварната состојба во нашата Република практично придонесуваат да се одолговлечува прашањето за нашето пошироко признавање во светот.

Исто така според мене на не кој начин е проблематично, незнам можеби ќе бидам и погрешно сфатен, меѓутоа мислам дека во овие две години присуство во Парламентот, ние меѓу себе се познаваме, не се вбројува меѓу пратениците кои сакаат да ја прават одредени инсинуации или да предизвикуваат одредени кавги меѓу нас, меѓутоа би сакал да покренам едно прашање кое е исто така мене ме загрижува, што е присутно меѓу нас пратениците односно граѓаните од македонската националност. Тоа е на некој начин што почна и што е присутна поделбата меѓу македонците од Егејскиот дел на Македонија, македонците од Пиринскиот дел на Македонија и Македонија и македонците на овој дел на кој и сега се наоѓа РМ.

Ова е навистина едно прашање кое човек мора големо внимание да му посвети и одредено искажување, меѓутоа во еден разговор меѓу сограѓани, меѓу пријатели сепак се чувствува една таква поделеност и

меѓусебно, да. не речам, непризнавање. Морам да кажам дека често пати, па и одредени колеги кои потекнуваат од тие делови на Македонија искажуваат дека некои, да не речам за мене, дека ние не сме македонци а дека тие се македонци и дека се поголеми македонци. Мислам дека ова единствено може да смета само на македонците како целина а не на поединци кои со тоа сакаат да се докажуваат дека се поголеми македонци од македонците. Не би сакал повеќе околу ова прашање да зборува, меѓутоа мислам дека таквото однесување и таквото искажување овде во Парламентот и надвор и било каде само може да пречи, а никако да ни помогне и со тоа никој повеќе не може да се докаже од она што навистина е, од она што навистина тој самиот се чувствува. Кажување на некој друг што е мислам дека тоа е терор, во секој случај начин на кој не треба да се однесува ниту еден човек.

Исто така на некој начин постои кај граѓаните една констатација дека однесувањето наше овде,. пред се на пратениците и на пратеничките групи во Парламентот како да луѓето доаѓаат до констатација како да сакаме или не сакаме да направиме држава. Мислам дека и ова треба нас како пратеници да не загрижи за да не доаѓаат нашите граѓани кои го дале својот глас, кои ја дале својата доверба да ги преставуваме овде, а ние не често пати на некој начин да искажуваме одредено душебрижништво и дека се залагаме за идеите, за желбите на граѓаните, а при тоа навистина да не бидеме во состојба да ги кажеме своите размислувања, своето знаење и  на тој начин практично да се верифицираме пред тие бирачи кои го дале својот глас за нашето присуство во Парламентот.

На крајот сакам да искажам уште една моја констатација и загриженост дека еве и од расправа и од оваа седница очекувам еден крај на кој, веројатно пак ќе дојдеме во таква состојба да претседателот

на Парламентот го постави прашањето - колеги пратеници како да заклучиме на крајот. Тоа ми дава за повод бидејќи веројатно сите го прочитавте извештајот на Комисијата за надворешно политички прашања и односи со странство, како матична комисија по оваа проблематика која на крајот, ќе ми извините јас ќе прочитам само еден пасос во кој вели "од одделни членови на Комисијата беа понудени повеќе верзии на заклучоци по Информацијата што Комисијата би ги предложила на Собранието на РМ, но ниту еден од нив не го доби потребното мнозинство". Практично матичната комисија на ова Собрание по овој проблем излегува пред Парламентот без да има соодветен заклучок, без да има соодветен предлог на заклучување по оваа проблематика, па се плашам да тоа на крајот од сета оваа наша расправа не се случи и Собранието пак да дојде во кор сокак односно да дојдеме до ситуација да бараме како да заклучиме по оваа точка односно и по оваа Информација која еве веќе како што знаеме ја расправаме трет ден.

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници,сакам да кажам уште на почетокот дека очекував навистина Информација за активностите што^се реализирани во врска со приемот на Македонија во ООН во онаа форма и со онаа содржина што требаше да ја добиеме, но на жалост ние поради неможноста да се согласиме разгледувањето на таа информација да биде на затворена седница сами си го скративме правото да навлеземе во некои детали на оваа толку суптилна материја значајно за нас особено за подоброто насочување на оваа политика со цел да се постигне определената цел што' побрзо Македонија да биде примена во меѓународната заедница на државите и народите.

Сега, ние добивме една информација малку редуцирана, без оние можеби значајни аспекти кои можеби ќе не поттикнуваа на едно поинакво размислување и на давање на подруги сугестии што секако на господата што ја водат таа политика ќе значеше своевиден придонес во таа смисла и за интензивирање на напорите на тој план.

Исто така вчера имав прилика да го чуеме излагањето на господинот Денко Малевски што на некој начин ја заокружи така да се каже содржината на сето тоа што значи досегашни напори за остварување на политиката за прием на РМ во ООН. Тоа е еден вид резиме на таа активност значајна да сепак и на база на тоа ние денес расправаме и рамките на нашите стручни и други можности придонесеме некои процеси да се забрзаат.

Меѓутоа, јас морам да кажам дека кога станува збор за признавање на една земја, во случајот признавање на РМ, јас мислам дека ќе се согласиме да признавањето треба да се заслужува. Тоа ако се бара, ако интензивно, упорно се инсистира на таквото признавање јас би рекол дека во одредени кругови можеби предизвикува спротивни ефекти како да не сме достојни па еве сега мољакаме за да ни се признае еден статус кој што го имаат другите земји. А за да се заслужи признавањето секако дека е потребно исполнување на многу услови. Факт е дека минатата година се конструиравме како суверена и самостојна Република, довезовме и Устав и врз база на сето тоа што се оствари Бадинтеровата комисија како да даде виза и покрај, така да кажам, празнините на Уставот можеби и слабостите што не пратат во нашето конституирање и битисување, Батинтеровата комисија даде виза. Но, очигледно тоа не било доволно за конечно да се добие статусот кој ние и го заслужуваме на крај краишта особено после распаѓањето на

Југославија како меѓународно правен субјективитет. Ние во суштина тоа го заслужуваме. И како дел од таа бивша Југославија, значи и по основот на наследно право, но сепак бидејќи сакаме да се јавиме како меѓународно правен и признат субјективитет, како членка на меѓународната заедница на државите и на народите нормални беа интензивните напори на меѓународен план. Во таа смисла лично мислам дека она што е сторено досега во текот на изминатата цела година, во што мислам дека предничеа или ја водеа таа политика во интерес на народот на Македонија господата, претседателот Киро Глигоров и министерот г-ди Денко Малевски мислам дека заслужува почит.

**ШАБАН ПРЕВАЛА:** (продолжение)

На крајот на краиштата и тоа што нашето барање, барањето на Македонија, што веќе е на дневен ред на Советот за безбедност односно пред Обединетите нации, јас мислам дека тоа е резултат достоен за почит. И сега да не се навраќаме да кажеме на одредени потези дали требало да бидат вака или онака. Факт е дека тие напори дале одредени резултати и дека нашето барање куца, се осеќа, веќе сета меѓународна јавност е свесна дека Македонија треба да се прими. Меѓутоа , еве искористувајќи ја оваа пригода на разговор, па со единствена цел и јас да придонесам на тој план, на планот на забрзување, на интензивирање на напорите за да ни се оствари,таа би рекол желба на сите нас, а и би рекол историска потреба на Македонија, јас мислам дека мораме да признаеме дека со некои потези и самите на некој начин ја попречуваме таа иницијатива го попречуваме тој процес. Мислам дека тука беше убаво речено од уважени колеги, пратеници, дека ние не смееме да се задоволиме само со некои формални услови да кажеме оличено тоа преку Уставот и некои декларации, резолуции во врска со нашиот статус.

Јас мислам дека сите овие наши напори како да ги засенчуваат да кажам така одредени чекори, недоволно контролирани на внатрешен план. Би сакал да кажам во врска со ова, мислам во право беше претходникот Ванчо дека навистина мораме секогаш надворешната политика да ја посматраме во кауза на врска со внатрешната политика, со она штос се случува на внатрешен план. А ние, морам да потсетам, дека со некои потези поради текот на околностите, констелацијата на односите тука внатре во Републиката, како да одиме на штета, како да попречуваме да се оствари она што е во случајот приоритетна цел, признавањето. Еве само да потсетам, да кажам ние го донесовме

Уставот со нецелосно гласање по него. Тој Устав стои, тој да кажеме циркулира и во се и тоа е факт дека некои членови на Уставот не говорат за она што е определба на Македонија како демократска земја на сите граѓани на Македонија. Да кажам членот 7 и членот 48 кои повеќе ограничуваат, отколку што обезбедуваат едно поцелосно остврување на правата на другите делови на народите што живеат во Македонија, а тоа свето го гледа, јас морам да кажам и да потсетам.

Понатаму, еве да кажеме сега ние разговаравме кога го носевме Уставот дека многу прашања ќе се регулираат или ќе се допрецизираат со законите што ќе базираат на тој Устав. Меѓутоа, практиката не убедува дека не оди баш така лесно таа определба, не одат баш така лесно таквите стремежи на попрогресивниот дел во составот на Собранието. Нај илустративен пример за тоа е да кажеме донесувањето и спроведувањето на Законот аз државјанство. Сето тоа, морам да кажам наидува на одѕив не само на внатрешен, туку и на надворешен план и удира одредена дамка да кажеме во она што ние преку господата Глигоров и Денко Малески се изложува надвор пред цивилизираната Европа и пред цивилизираниот свет.

Исто така, еве прилика е да кажам дека и доста немили случаеви со кои се соочивме во текот на оваа измината година Куклиш, Радовиш, Скопје , после митингот за рамноправноста и демократичноста, па случајот Радолишта, жртвите на Бит Пазар итн., тоа продира во светот и сигурно дека врз база на тоа се создава едно внение едно јавно вмнение што не ни оди во прилог. На против, се јавува како своевиден бумеранг во напорите на нашите овластени и со Устав раководители на Република Македонија во водењето и остварувањето на надворешната политика и меѓу другото и во напорите за признавањето и за зачленување на Македонија во меѓународната заедница на народите.

V/3.-

Мислам дека на штета на напорите одат и одредени глорификации да кажам така на национален план, вклучувајќи го тука и фолклорот. При потенцирањето на одредени работи, а особено да кажеме објавувањето на етнички карти итн. сите тие ги демантираат би рекол нашите званични изјави дека ние немаме претензии кон со- седите итн. Сето тоа , морам да кажам, дека ги засенчува сите наши добронамерни напори и залагања за да бидеме рамноправна членка на ниво на меѓународната заедница на народите и државите. Тука има и други работи, да не ги редам, што не ни одат во корист, мислам познати се и оттука моето размислување што ние напоредно со истакнувањето на она што значи позитивно во нашето внатрешно престројување и организирање и нашата желба за отвореност кон Европа и кон светот, ное мораме и тука да најдеме начин и форми навистина државата Македонија да се претставува и внатре и надвор како вистинска, демократска државна сите нејзини граѓани и да не се мислам игнорира фактот дека таа навистина е мултинационална, мултиконфексијална, мултиконфесијална и мултијазична држава. Тоа е една реалност. Ние ја признаваме таа или не, мислам дека тоа светот го знае, а призанвашето на таа реалност само ќе значи кохезија и внатрешна толку потребна за сите нас за тоа заедничко , а и афирмирање на Македонија како вистинска демократска држава на овие простори. Јас мислам дека мораме да рече,е дека и одредени наши неконтролирани изјави дека Македонија е комунистичко шиптарска или албанска заедница или да кажеме кокетирањето со одредени опозициони сили надвор од Македонија, особено Србија со Парошки, прегрнувањето пред камерите мислам дека не ни оди во прилог. Ние мораме да имаме стратегија во нашето однесување. Ако сме се определиле да бидеме демократска заедница Македонија, ако сме се определиле за трајно сожителство и без резервно однесување еден кон друг мислам дека треба да водиме сметка за некои потези. И покрај тоа

V/4.-

јас очекувам дека Македонија наскоро ќе влезе во заедницата на народите, за што тоа е желба на поголемиот број граѓани на нашава Република. Тоа, според моето мислење, ќе биде и гаранција за стабилноста и просперитетот на оваа Република.

Конечно, да заклучам, јас мислам дека денес врза база на Информацијата што ја добивме, излагањето на министерот Малески ние не би можеле и не би требало сега да се произнесеме за некоја Декларација, туку јас мислам дека треба да заклучиме да донесеме заклучоци што би биле и резими на расправата, на поважните делови на распра- вата на денешното Собрание, а истовремено да претставуваат насока за натамошното одвивање на надворешната политика на нашата Република.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Никола Стојановски.

**НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседтеле, почитувани пратеници. Ако ја бараме Информацијата за активностите околу примањето на Република Македонија во ООН, тогаш треба за тоа и да се разговара. Бидејќи тоа ни беше дадено и усмено и писмено. Но, не е целта активностите спрема некои дискусии се бара одговорност на главните носители на надворешната политика. Тоа не е прв пат, незнам колку пати тоа исто се бара смена на овие луѓе. Зошто смена? Па едноставно некој е алергичен на нив. А не се со аргументирани и документирани барања да се бара смена. Такво требаше и да биде барањето за дневниот ред, а не заобиколено. Законската регулатива го два тоа право по регуларен пат. Ако сме веќе на информацијата јасно беше во излагањето на министерот Малески дека некој ниту го менува името на Република Македонија, ниту го бара тоа, па ниту некој има право тоа да го направи. Постои Меморандум и барање пред Обединетите нации со полно име и

презиме за признавање на Република Македонија. Тогаш сите напади, навреди се излишни, непотребни, нецивилизациски. Веројатно, на некому му е досадено да сме во мир, во мирен развиток, децата мирно да ни спијат и да одат на школо, па потсвесно или несвесно прижелкува босанската драма да дојде што поскоро кај нас со сите грозотии и крвопролевања разрушувања, масакрирања, силувања, осакатени деца и старци, бездомници по целиот свет. Тоа што ние сме се уште надвор од тој кошмар,а баш е токму заслуга на нашите врвни раководители и на нашата дипломатија. Нашиот народ тоа не го сака. Тој сака мир, работа, леб, вработување, разрешување на економските проблеми, зауздување на инфлацијата со индигнација ги отфрлам сите напади врз претседателот на Републиката и министерот за односи со странство. Признавањето не зависи само од нас, и ако се светските симпатии свртени кон нас. Можеби е потребно време, Европа досега ги погази своите сопствени принципи на правда, се поведе по своите интереси, а не по принципите на правдата. Го погази ЌЕБС, Хелсиншката повелба, Бадинтеровата комисија и други повелби и норми на Обединетите нации. Но, последниот збор се уште не е кажан. Правдата доцни но сепак доаѓа. Но, тоа зависи од нас. Ние треба да сме единствени да заборавиме на/партиските интереси, да ги ставиме на прво место интересите на државата, да створиме прво призната држава, па после можеме да водиме натпревар во борбата за мислења на устројството и просперитетот на нашата татковина.

**БЛАГОЈ ТОШЕВ:**

Почитувани пратеници, ние вчера имавме можност да бидеме сведоци пред овој Парламент и пред цела македонска јавност на едно крајно непристојно однесување на еден дипломат односно министер за надворешни работи. Мене ми се чини таа пројавена нервоза оддава на

Неспособност. Тешко на таа држава каде што има министер за надворешни работи нервозен. Резултатите не можат да бидат големи.

Господине претседателе, уважено претседателство, дами и господо. Излегов на оваа говорница со цел да се вклучам со мојата дискусија и во едно да дополнам одредени работи кои не се опфатени во Информацијата и поставам одредени прашања на лицата кои генерално ја водат надворешната политика на Република Македонија. Јас лично жалам, што седницата од У.о2.19УЗ година. доби таков тек. Сега користам прилика да кажам дека не се слагам со дискусијата на одредени дискутанти дека не треба да знаат граѓаните на Македонија со образложение ако не треба тие граѓани да знаат на Македонија, ние 120 пратеници немаше да седиме во овие парламентарни седишта. Сметам дека сега нема што да криеме од сопствениот народ. Таквиот начин на работење носи импликации било за личности, а воедно и за сопствениот народ на Македонската држава. Имено, ние на многу наврати на овој Парламент му оспоруваме искрениот македонски патриотизам на господинот Гиро Глигоров во одредени судбонозни историски моменти затоа што одредени најзначајни програмски документи од НОБ се држеа во тајна, не се објавуваа во дневниот печат, се криеа од сопствениот народ со цел да не може нашиот македонски народ да види како мислеле зборувале и дејствувале одредени личности во едно пресудно време.

Господа пратеници, изгледа ние го враќаме тоа време и сакаме сопствениот народ да го држиме во изолација за работи кои и тоа како повеќе го интересираат, отколку одредени пратеници кои седат во овие клупи. Ние сме свесни дека одредени сили се обидуваат да го елиминираат македонското прашање на Балканот наша искрена должност е на сите тие да им кажеме дека македонците и националностиве во Македонија постоиме не од вчера и нема да

исчезнеме и утре. Македонското име на овие простори и сред овој народ вековите го шепотат. Затоа господа пратеници постои стравот од името Македонија. И на никого нема да му дозволиме внатре или надвор од нашата држава да не преименува. Наше историско право е да се именуваме само како македонци и наша татковина исклучиво само како Македонија.

Господа пратеници сметам дека ќе се сложите со моето размислување за да можеме по широко да ја пласираме македонската национална мисла и акција тоа треба да се прави организирано и со видливи манифестации во светот. За тоа да ни успее потребни се квалификувани кадри со свест, знаење и искуство во европската и светската политика. За жал, однесувањето на Министерството за односи со странство на чело со ресорниот министер господин Малески нанесе огромни штети на надворешната политика на Македонија и мое лично убедување е подобро и за него и за македонската држава да се повлече односно да си ја обнови депонираната оставка кај премиерот. Зошто .,го велам ова? Министерството за односи со странство работи скоро две години. Дали не сме биле побавни отколку што било допуштено утре историјата ќе цени. Колку се "грешело" намерно или не а колку се успеало. Загонетно е зошто Министерството не е организирано по новата Систематизација која Владата ја има усвоено пред 6 месеци сметам лично дека главен виновник е ресорниот министер од причини што неговите контакти дури се исклучиво со две три лица во неговиот Кабинет, кој ги смета за главни советници од кои причини тоа го прави не ни е познато. Но, познато ми е дека со тие две три лица главни советници резултатите не му се многу за поздравување. Претходно кажав дека за дипломатија потребни се квалификувани кадри со свест знаење и искуство. А господниот Малески најмалку водеше сметка за достоинството и дигнитетот на македонските дипломати кои беа вратени

до Сојузниот секретаријат за надворешни работи кои некои имаат и над дваесет години дипломатско искуство. Не најде време досега да обави некаков разговор или да побара стручна помош. Ние знаеме кога нашата држава веќе се формираше. Вакви, господа дипломати имаме некаде 50. Ги имаме затворено во една просторија и им даваме по 150 илјади денари. Овие дипломати претходно пред да дојдат во Македонија од истите,прашувам зошто од овие луѓе баравме политичка определба и зошто ги вративме, дали целта ни беше намерно истите да се стават во изолација или пак е нешто друго. Правата вистина која што можеме да ја видиме е таа тие кој што дојдоа во нашата држава беа патриоти, а тие што останаа живеат многу подобар живот од оние наши патриоти кој што дојдоа и се затворени во Министерството за надворешни работи.

Лично сметам дека еден министер на вака значаен ресор не треба толку самоуверено и ноншалантно да се однесува спрема своите колеги во чие искуство и меѓународни познанства Македонија вложила

VI/1.-

**БЛАГОЈ ТОШЕВ :** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Овие луѓе до вчера меѓународно активни со своето дипломатско искуство на Македонија и те како и се потребни. Има можност министерот да ми реплицира со изговор дека тие беа во дипломатијата на бивша Југославија. Можеби до некаде ќе се сложам, но кога ќе помислам на личните искажувања на министерот дека сентиментално е врзан за југословенството во кое растел и заедништвото во кое што се развивал, репликата не држи. Но најповеќе моментално држи неговото јавно декларирање цитирам "За сојуз на суверени држави, но самостојност само без него". Мое лично убедување е дека подобро е самостојност без него, отколку сојуз на суверени држави со него. Овие се изгледа мотивите на барањето на затворена седница за да можеме да најдеме реални оправдувања на непризнавањето. Дали господинот Малески смета дека госпоѓа Ачевска стручно е:подготвена да ја застапува македонската држава во Вашингтон. По кој основ е таа таму и чие овластување? Во Њујорк испраќа човек кој што досега знаеме дека работел исклучиво на културно поле без никакво политичко дипломатско искуство, а во Министерството стојат неискористени стручни кадри. Мотивите само министерот ги знае, а јас знам дека со дипломатијата не се експериментира и дека не можат да ја водат лица лаици и почетници. Резултатот е јасен, или намерно се прави, дали толку му се квалитетите, наше е да чекаме да не признаат. Исто- времено би сакал да напоменам какво е и колкаво е дипломатското искуство на помошникот министер за меѓународни организации господинот Тавчиовски. И како е превземен од Белград? Мое лично убедување господа пратеници е да се прекрати со вакви фамилијарности. Дипломатијата да му се даде на оној кој што ја познава, затоа што на оваа кревка Македонија и се потребни само искусни дипломати.

VI/2.-

Во "Нова Македонија" од 12 декември 1992 година господинот Малески се произнесе за отворена, јавна дипломатија, а инсистира во Парламентот затворена седница. Во истиот интервју кој е нас- ловен "не направивме ниту една грешка" јас ќе ви кажам кои грешки ги направи.

Прво, во одговорот што го испрати Македонија во врска со Декларацијата на Европската заедница од 16,декември 1991 година се тврди дека Македонија ги прифаќа сите услови од истата, иако, во него стои одредбата за не примена на името кое подразбира територијални г, импликации. Уште тогаш требаше таа одредба најенергично да се отфрли и со тоа ќе ги сузбиевме илузиите на Грција и на Европската заедница дека можно било каква промена на името.

Второ, после објавувањето на Бадинтеровиот извештај грчкиот премиер Мицотакис јавно изјави дека тоа е правно мислење, а дека за признавањето треба политичка одлука. Таа порака,на господинот Мицотакис креаторите на нашата надворешна;политика не ја разбраа. Грција веднаш отпочна широка дипломатска офанзива и при секое одложување на признавањето на Македонија макар и за недела дена беше повод за грчко задоволство, а .посебно на господинот Мицотакис. Во овој период македонската дипломатија беше крајно пасивна и дефанзивна. Министерот Малески под притисок на некои партии од овој Парламент за прв пат отиде на еден состанок во Европската заедница при крајот на март, или во почетокот на месец мај.

Во врска со името Македонија од писмото на Мок до Малески објавено во "Вечер" на 26 мај 1992 година произлегува дека тој има преговарано со премиерот за името уште во март 1992 година, односно за неговата промена. Зошто реакциите беа сосема мали и со обратен ефект дозволивме да ги бришеме сите ознакина нашите возила кои што

го носеа името Македонија. Министерството за тоа не даде никаков коментар. Министерот лично тука ни кажа дека ние немаме острови да им даваме на членовите на Европската заедница, така што тие се корумпирани, како личности корумпирани и ние истовремено ги изгубивме и симпатиите кај оние кои што беа со одредени симпатии во таа Европска заедница. Кога сме кај признавањето ние сме поставени во тешка состојба. Со ваква дипломатија сметам ако сме издржале со векови, можеме да издржиме уште неколку месеци. Ќе биде тешко, но ако сме исправени нема да им дозволиме некој да не прекрстува, се разбира со интензивни разговори, преговори, со сите, па и со соседна Грција, но не со овој состав на дипломатија. Мое лично мислење е господа пратеници дека никој нема уставно, ниту морално право да прифаќа измени на името на македонската држава, а тоа важи и за министерот за односи со странство.' Ова го велам од причини што истиот министер на 26 јуни 1992 година бившата Влада ја убедуваше цитирам Мора да се прифати некоја друга формулација на името па макар и бивша Југословенска Република Македонија".

Сакам да го завршам моето излагање со следниот заклучок, согледувајќи ја досега нашата неуспешна работа на ова Министерство, претседателот на В^адата да го разреши министерот Денко Малески нечекајќи по оној стар шаблон за неуспешна работа да си поднесе сам оставка. Министерството да се организира по новата систематизација која Владата ја има усвоено, а веднаш да ги активира и. сите македонски дипломати во ова Министерство кои моментално не обавуваат никаква соодветна работа. Истовремено господа пратеници, предлагам да се прифати доставената Декларација од ВМРО-ДПМНЕ и истовремено Комисијата за надворешно - политички систем да заседава по оваа Декларација.

VI/4.-

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитувани пратеници, повеќе од една година помина од почетната еуфорија кога живеевме од еден до друг самит на Европската заедница, кога се броеја деновите кога ќе биде денот Де за Македонија. И сега, по една година повторно сме во исчекување на денот Де, овој пат од Светската заедница, но збогатени со горко искуство, со длабок песимизам и разочарување дека на малите држави како што е Република Македонија и треба долго одење по трње за да можат да го добијат своето место под сонцето. После една година ние сме повторно на почетната позиција, но сега. на работ на една бездна од ко- ја не смее да се направи ниту еден погрешен чекор, затоа што едно- годишното губење на енергија на планот на излагањето на Република Македонија го осиромаши нашиот народ, го доведе на работ на беда и немаштија, во состојба на без излез, ги изостри социјалните немири ШТОЈЈ војната за која постојано се зборува во секој дом, односно може и не мора да почне на границите, туку внатре во Македонија со предзнак на социјална граѓанска војна. Можеше ли да се направи повеќе? И дали применетата стратегија и сите проценки беа секогаш навремени и точни? Одговорот е не. На стартот при изборот на оваа Влада премиерот најави поагресивна надворешна политика. Ние видовме само еден дел од таа агресивност и тоа за жал само во последниот месец. Вклучени беа мал број луѓе, не беше искористен целокупниот кадровски потенцијал,со кој располага Републикава не само во областа на дипломатијата, туку во сите институции и асоцијации на системот кои можеа пред се да го запознаат светот За вистината за Македонија и Македонците во неа. Парламентот како највисоко законодавно тело во државата кој според Уставот има увид и контрола врз извршната власт беше ставен на страна, а не и директно вклучен во изработката на една подолгорочна стратегија за работа. Дури и по доаѓањето на

силите на УНПРОФОР Парламентот не ратификуваше никаков договор околу нивното доаѓање, туку се се сведе на размена на писма од Владата и Меѓународната заедница. Сигурно дека на ваков начин не се гради взаемност, дополнување и доверба помеѓу законодавната и извршната власт, поготово во овие пресудни и судбински моменти за Република Македонија.

Би се навратила на експозето на господинот Денко Малески. Наполно се сложувам дека Македонија и Македонците не можат да се разделат и дека ако го изгубиме името, ние сме изгубиле се. Но, морам да кажам дека очекував да слушнам после сето она што цела година Република Грција нам континуирано ни го приредува со блокадата на границата дека ние не треба да се плашиме од нејзината закана, дека таа граница ќе биде дефинитивно затворена.

Почитувани пратеници, таа граница за нас е веќе одамна дефакто затворена. Тоа го потврдуваат бројни наши измалтретирани граѓани кои се враќаат назад, тоа го потврди белгискиот сенатор, се појави на македонско - грчката граница. Според тоа, затвореноста на границата може пред се и единствено да и штети на самата Грција и на нејзините партнери од Европската заедница која како на своја членка и тоа една од посиромашните сестрано ја помагаат со средства за развој, а која Грција ги троши без поштедно за пропаганда и невистини насочени пред се против Република Македонија. Она што мислам дека за нас е денес најважно да се каже е тоа децидно и јас- но компромиси и разговор околу името ние не прифаќаме. Името е наше историско наследство. Никој нема право да ја преземе одговорноста за промена на името ниту поединечно, ниту Собранието, па дури и народот на Република Македонија. Затоа што 'гој народ нема да ги изневери своите предци кои од памтивек живееле на овие простори и нашето име со тоа нема да

биде никаков предмет на меѓународна лицитација, ниту пак предмет на меѓународно кумство, затоа што ние има- ме свое вековно име.

По прашањето на името морам да кажам дека општ став е и во Парламентот и во народот дека нема опозиција и позиција. Нашето гледиште тука е единствено, нашето име е единствено и со сите сили ќе се бориме тоа име да го сочуваме затоа што ако не по друго барем по прашањето на името ние немаме само национален, туку имаме државен консензус. Се поставува прашањето што понатаму? Не смееме да дозволиме и понатаму да бидеме боси во трњето и да губиме енергија во испитување на погрешните чекори, затоа што во овие моменти можеме да ја изгубиме државата. Ако ја изгубиме државата, ние сме изгубиле се.

Прво, нашиот дециден став за непроменливоста на името е основно гесло на кое треба да се потпираме, кое што е прифатливо за сите нас, треба да ги бараме сите патишта. доколку се случи нешто неприфатливо и нешто не навестено и нешто недобро за нас да го бараме дури на правен пат на нашата вистина пред Меѓународниот суд во Хаг се со цел правдата и вистината да излезат на видело.

Второ, редно е да признаеме и ние самите да се признаеме меѓу себе пред тоа да го стори пошироко меѓународната јавност пред се тука мислам на завршување на внатрешното устројство на државата да ја зајакнеме економски без притоа да бараме и контрола и барање на исполнување на ветувањата што меѓународната јавност тоа го даде во смисла на реализација на стоте милиони еки. Заради тоа што исчекувањето на овие и други средства само го кочи нашиот развој со сопствени сили заради тоа што ние мора да бараме резерви внатре, кај самите нас, па дури и по цена ка силни резови и во стопанството и во општествените дејности за да можеме да ја сопреме оваа хипер инфлација која што најмногу и најштетно се одразува на нашето население.

VI/7.-

Трето, треба да ое свртиме кон можноста за прилагодување и поширока соработка на пазарите на сите полиња пред се со земјите кои досега нас не признаа. Мене во тој поглед особено по посетата на господинот Желев, особено ме радува посетата на господинот Дургут Озел деновиве. Од друга страна како да ја запоставуваме една голема словенска земја со која имаме традиционални добри односи во историјата и која меѓу првите не призна, тоа е Русија. Поврзувањето со неа на сите полиња за нас во овој период е повеќе од императивно, имајќи го предвид пред се нејзиното влијание што во меѓународната јавност како светска сила таа го има. Така пожелно би било да се иницира средба и тоа од наша страна на највисоко ниво меѓу двете држави со цел да се забрза постапката за воспоставување на дипломатски односи.

Нашата Влада како што е ред и покрај тоа; што немаме никакво официјално барање за поставување на цел контингент од 5 илјади војници на морнарицата на силите на УНПРОФОР би требало остро да реагира на изјавата на Франција, односно на нејзиниот претседател Митеран, заради тоа што 5 илјади морнарички сили на УНПРОФОР можат само да направат окупација на територијата на Република Македонија.

Ние имаме наша сопствена војска, имаме наша сопствена армија, а го имаме и целиот наш народ доколку биде потребно ова парче да се одбрани. Ова беа некои од моите размислувања што сигурно не се единствени бидејќи тука имаше и други бројни предлози кои што би требало да се направат како најитни во наредниот период. Меѓутоа, она што се надевам дека исто така во најитен рок можеби уште идната недела ќе треба да се иницира, тука мислам пред се како иницијатива од претседателот на Републиката е да одржиме една затворена седница на која што не би се расправале за тоа што било и поминало и што не може да се врати, туку за тоа што ни претстои и каква долгорочна државно - политичка стратегија оваа Република со цел да го сочува својот опстанок, понатаму ќе применува.

VI/8.-

**ШУКРИ РАХИМИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, јас мојата дискусија ја крстив, за жал историјата се повторува. Затоа ве молам за малку трпение. Ќе направам една сосема кратка ретроспектива, историска за да можам да споредам некои работи.

1895 година кога во Софија се формира Врховен комитет беше покрената една серија митинзи по градовите на Бугарија со барање да се признае автономија на Македонија во рамките на Османското царство. Меѓутоа, и тогаш, како и денеска имаше големи сили, па тие големи сили не сакаа да прифатат еден таков предлог оправдувајќи се дека европскиот дел на Турското царство постои,етничкиот состав е многу национален и заради тоа не може да се признае автономија на Македонија. Како последица на такви ставови се усвои проект за реформи кој предвидуваше подобрување на социјалната и политичката положба на христијанското -население во Османската империја. Меѓутоа и тој проект кој беше прифатен од тие големи сили остана само проект на хартија. Истото се повтори после Горноџумајскотовостание 1902 година кога повторно од страна на Бугарија и Русија се покрена прашањето за признавање на автономија на Македонија и се разбира како последица на тоа дојдоа тие т.н. порачки реформи, меѓутоа не и признавањето на Македонија.

VII/1 рд/вц

**ШУКРИ РАХИМИ:** (продолжение)

Меѓутоа, не и признавањето на автономија на Македонија. По задушувањето на Илинденското востание уследија Мирчететскит реформи по австрискиот град Мирчстед, каде што како последица на влијание на големите сили дојде до поделба на политичките сфери на големите сили во овие предели и дојдоа разни комисии за реформи н; жандармерија, на финансии, па се плашам и денеска, а јас не можам да се ослободам од тоа дека и денешните големи сили исто така и со овие сили на Умпрофор што се испратени овде да ни го сочуваат мирот и редот и тука ќе има можеби една таква политичка позадина. Ние сме им благодарни за тоа нивно ангажирање, меѓутоа сметам дека не може никој подобро од самите нас да ги сочува и да го надгледа мирот на овие територии. Но тоа зависи од нас самите како ние го гледаме тоа и како го негираме тоа. Чинам дека ние: треба да сме свесни за такви последици од надворешното мешање во нашите работи, нашите односи, па според тоа треба овде меѓу нас да изнајдеме сили со кои ќе ги надминеме некои наши илузии, за некои се детерминантни улоги кои ни со од господ определени. Јас потполно се согласувам со некои претходни говорници, а тоа требало и порано да се постави меѓутоа и сега нќ е доцна да седнеме како луѓе, како рамноправни еден со друг да се договориме за нашите суптилни проблеми, да ги усогласиме нашите меѓусебни односи без некои исфорсиран устав и закони, туку нормално човечки, без наметнување на волјата на еден народ врз другите и кога ќе ги отстраниме овие внатрешни недоразбирања со заеднички сили ќе тргнеме во решавање на надворешните проблеми кои се присутни. Јас сум убеден дека на овој начин ние ќе можеме да ги отстраниме нашите напластени проблеми многу полесно, а сметам дека тоа ќе наиде на

поддршка и кај надворешните сили и ќе почнеме да градиме една посреќна иднина за сите нас и за сите поколенија. Во спротивно, ако продолжиме со декларации како што се слушаат, лесно ние ќе можеме со нив да излеземе на крај, тогаш треба да ни биде јасно дека никој од нас нема да добие ништо, туку ќе изгубиме сите, а најповеќе ќе изгубат, односно ќе изгуби тој што поседува и што има нешто отколку оној што нема ништо, па и нема ништо што да изгуби. Апелирам да смогнеме сили, да се ослободиме од илузии и да почнеме конкретно да ги оствариме овие вакви препораки како би можеле да согледаме една посветла визија за нашиот понатамошен општествен економски и уставно - правен развиток кој сигурно ќе го забрза и нашето надворешно признавање.

**ФАИК АБДИ**

Дами и господа пратеници и вчера и денес сите ние слушаме и целата македонска јавност и европска јавност не слуша што звучи во оваа голема сала, ги кажуваме и убавите и неубавите работи, си ја кажуваме и нечистотијата И веројатно завчера кога расправавме дали оваа седница да биде затворена или отворена, некој рече дека попладнето во 15 часот во Грција веднаш е свикана владата на итен состанок да ја следат нашата седница. Можеби некој блефира, може да е и така. Не сум бил таму па да знам. Јас разбрав дека денеска овде има и претставници на печатот од Грција и на оваа тема за која разговараме сакам да кажам нешто. Дипломатијата е како , единствено средство, односно основно средство за разбирање меѓу луѓето, меѓу граѓаните меѓу народите, меѓу државите и внатре во секоја фамилија секогаш ќе зависи од степеност на осознаеноста на еден народ својот национален идентитет, интегритет и суверенитет. Па тргнувајќи од тие состојби околината која не опкружува и која е пошироко ќе донесе свој суд за степенот на нашата спремност да одржиме и ја изградиме сопствената

држава. Овде се искажуваат и порано се искажани и сега се искажуваат сеуште многу работи кои на внатрешен и надворешен план помагаат за дестабилизацијата и непризнавањето. Вака им одиме на рака на некои наши соседи, а особено на јужниот сосед кои најверојатно ја следи и оваа наша денешна седница и понатаму спрема своја седница. Ние се навикнавме уште првиот ден едни на една други на друга страна, кажувајќи за себе си за позиција, опозиција, па и по ова прашање постојано опозиција и позиција не чинел претседателот на државата, не чинел министерот за надворешни работи. Не чиниме сите. Зарем може јас да чинам ако другите не чинат. Не чиниме ние сите. Дали сме способни да одржиме една држава. Јас овде кажувам, јас сум стар имам 50 години дека ние сме спремни да ја чуваме оваа држава, да ја организираме, да ја одржиме, и овој народ да го водиме кон се подобро и подобро.'Меѓутоа нам ни треба разбирање од околината и ни треба разбирање внатре меѓу нас овде. Како да сме му дале збор на некој надвор од оваа држава дека ќе ја расипеме, дека ќе делуваме дестабилизаторски, дека ќе ја рушиме. Никој од нас не е лаик да не знае дека ние имаме 5 0 перфектни добри дипломати, кој што не се вклучени во нашата дипломатија. Меѓутоа, прашање е ако ги вклучивме што тогаш ќе се зборуваше. Пак комунистите дојдоа на власт. Значи немојте со такви работи. Грција ако не признае односно Европа ако не признае односно Европа ако не признае, односно • ОН ако не признаат, треба грчката влада да поднесе оставка. Овде бараме оставка -од нашите. Каков е тој парадокс. Овде бараме оставка што не сме признати, таму се бара оставка да не бидеме признати како да е иста желбата и на едните и на другите, како да исто сакаме нешто. Тука мора да има некоја врска, некоја линија која што има додирни точки. Ако ние се согласивме овде да

разговараме на наш внатрешен план овде, без присуство на јавноста, затоа што сакаме граѓаните на Република Македонија да знаат, да не знаат тие што се надвор сигурно ние ќе чуевме многу убави и добри работи кои што ние во јавност не ги знаеме. Една работа да ви кажам. Овде во извештајот се вели:"во врска со француската иницијатива претседателот Киро Глигоров престојуваше на 15 јануари во Париз каде имаше разговори со министерот Ролан Дима и генералниот секретар на ОН Бутрос Гали". Кога господинот Глигоров престојуваше во Париз господинот Андов во својство на заменик на претседателот на Републиката ги повика партиите на националностите на разговор, заради тоа што господинот Бутрос Гали, неговата екселенција кажа дека има одредени националности кои што не се согласуваат со името Македонија. Еве тука е претседателот, тука е господинот Мухамед Халили, од демократскиот сојуз на Турците, веројатно ќе ја следат седницата и ќе разберат за што се работи. И српската партија. Бевме кај претседателот Андов, се ислушавме убаво и она што сме се договориле телефакс да испратиме !во Париз пред средбата таму, ми се чини во 11 часот беше средбата од страна на ромската партија, на албанците, на труците, немаше никаков приговор. Мислам дека испратија телефакс. претставникот на српската партија рече дека нема изим од Претседателството, дека треба да се состанат. Јас овдека во име на ромите од Република Македонија ќе прочитам два три реда во врска со ова прашање за кои што расправавме деновиве, веројатно ќе расправаме и понатаму. Генералниот секретар на ОН Бутрос Гали почитувана екселенцијо во врска со приемот на нашата Република во ОН официјално ве известувам , па впрочем тоа го правам и по 36 пат со странски делегати и делегации> почитувајќи го и господинот Мазовјетцки

дека мојата партија, односно ромите од Република Македонија немаат ништо друго освен Република Македонија да биде пошироко призната и примена во членство на ОН под нејзиното единствено име, Република Македонија. Јас и денеска овде кажувам дека општ партиски консензус ромите имаат во Република Македонија за ова име и ништо друго. Јас верувам дека и сите други партии го делат. Според тоа никој од нас нормално нема право за поинакво однесување.

Сакам нешто да кажам во врска со наводните факти што се изнесени овде. Јас знам и вие знаете граѓаните на Република Македонија знаат дека и секоја наша седница, кога се расправа за нашиот прием, било ЌЕБС, било каде, како да сме договорени обавезно овде да рчкаме од нешто, да бркаме вештици, Д^ бараме оставки. Наместо сите заедно да бидеме спремни Да си дадеме поддршка едни на други, барем за признавањето, а потоа ние ќе се расправаме дали ова треба да биде петокрака ѕвезда како што Америка ја има или треба да биде крст или ова или о^а. Се тоа ќе дојде на ред. Ние како Република Македонија имаме "проблеми граѓанството на Република Македонија, имаат проблеми и албанците, и труците, и ромре и власите и незнам кои други и македонците имаат проблеми. Тоа се наши внатрешни работи, тука ќе ги решаваме. Во Република Македонија никако надвор од Република Македонија и политиката внатре во Република Македонија ќе се крои. Ако ние сме признати од 7,8 држави и тоа не така мали држави, од еден.дел од светот, лека полека ние ќе дојдеме до тоа признавање. Но мора да бидеме свесни за една очајничка работа, ние како да внесуваме од оваа говорница овде страв на народот, Умпрофор е тука, па може да ни пропадне државата итн. Ако демократијата ја гледаме

онаква каква што ја крои соседна Грција или некои други за кои што претходниот дискутант зборуваше, големите сили, ако тие големи сили гледаат внатре кај нив што се се прави, како се постапува, мислам дека ќе дојдеме до еден заклучок дека не е тоа се демократија. Демократија по свој аршин. Интересот заради една или друга работа ги натерала да прават така. И интересот на овој балкански простор секој пат бил таков Македонија да се брише од географската карта. Таа се вика Македонија таа ќе остане како Македонија. Простете ми на изразот сега прв пат ќе речам дали македонците по род, христијаните се викале македонци уште од Карпатите, па сега македонци станале овде или таму биле македонци, тоа е друга работа, треба да се разбере. Сигурно еден ден ќе биде спремна Македонија да разговара на оваа тема, па според тоа тогаш дури ќе речеме сите сме ние македонци, затоа што оваа географска карта, ова место положение се вика Македонија и ние сме македонци. Македонци вакви, македонци такви, меѓутоа сите со едно име македонци. Сигурно ќе дојдеме до тоа. Сигурно ќе дојдеме до еден граѓански устав, каде што нема да има национален белег.

На сите средби, впрочем, и денес имавме средба со тројца парламентарци на господинот Бил Клинтон и со нив ќе разговараме. Сигурно еден ден Република Македонија ќе добие свој граѓански устав. Тоа е перспективата!. Никоја друга. Сакам да упатам една критика на госпоѓата Цуберу, заменик на министерот за надворешни работи на Грција. Колку што сум запознат на една конференција за печат ; одржана во Копенхаген таа рече дека Република Македонија нема' македонци, туку оваа држава е само на албанци, на турци, на власи и на цигани. Како дипломат, госпоѓата Циберу и како академски граѓанин мислам дека падна многу ниско во својот степен на стручност, во својот степен на образование итн. Таа мора да знае дека во оваа Република Македонија

живеат македонци, мора да знае дека живеат албанци, дека живеат турци, власи и живеат роми, а не цигани. Ако госпоѓата Цуберу таму во Грција ги тероризираат сите други освен Грците нека ги тероризираат и понатаму. Еден ден светот јавно ќе им се насмее. И денеска им се смее светот. Многу интересна работа колеги пратеници. 44 делегации досега јас примив. Шеф на партија с:ум, Сите до сден кажуваат дека 1'рција греши. Но ете решение нема. Целиот прогресивен свет е со нас, целиот прогресивен свет еден ден нас ќе не заштити. И заправо, ако остане само на Грција, ако се сеќавате јас овде ви кажав една приказна за мувата дека е мала и може да направи чудо, ако ја. голтне некој може да повраќа итн. Но ете за среќа имаме и соседи, им се обраќам на другите наши соседи на источниот сосед, поготово западниот сосед, иако сме во пријателски односи, мислам дека нашите претставници од албанска националност овде ПДП и НДП и тие треба да се обратат до Република Албанија, покрај добрите односи, ете да_побараат признавање на Република Македонија а со тоа ќе се создаде уште поповолна клима за поголема меѓунационална толеранција и тоа не заради тоа што во контактите и во односите помеѓу ВМРО- ДПМНЕ и ПДП-НДП се создаваат критики меѓу себе, не за тоа туку за атар на овој народ во Македонија, за атар на тие генерации што живеат во Македонија и што треба да дојдат. Гледаме примери што се случува во светот, што се случува во Босна зарем тоа сакаме итн. Сигурно тоа не го сакаме. За да не дојде лошо ние мора секој на своја страна каде може таму да замоли, таму да оди на прием, на разговори, па ете, иако е Албанија мала, јас имам таму пријатели, јас имам братучеди, значи треба да се оди да се побара, и оттаму една сатисфакција за признавање на Република Македонија,  дури тогаш ќе бидеме покомотни, зашто непризнавањето

носи само лошо и носи само несреќа.

И да завршам со следново: Мислам дека нашиот народ, граѓаните на Република Македонија знаат во каква ситуација живееме сите. Сигурно тие штрајкови , тоа немање лепче, тоа се тешки работи. Мислам дека ќе мора да издржиме,да се одржиме во живот. Еден ден сигурно ќе подојдат подобри денови, сигурно еден ден ќе најдеме пласман на нашите производи, луѓето што се без работа ќе се најдат на своите работни места. Сигурно ќе го направиме ние животот подобар. Јас не мислам дека меѓу нас ќе настане некоја бркотница и некоја граѓанска војна. До тоа нема да дојде. Никој не е толку малолетен тоа да го направи. Јас верувам и другата партија која што е во опозиција се чесни граѓани на Република Македонија. Сигурно не и мислат лошо на државата Македонија.

Мора господо пратеници меѓу вас, меѓу нас да имаме толеранција.

**ФАИК АБДИ:** (Продолжение)

Зарем може да биде претседателот на државата и министерот за односи со странство г-динот Малевски виновни што не сме во ЌЕБС итн. Мораме да отвориме очи и да видиме што е позадината. Зарем не можеме да го читаме на еден чист македонски јазик меморандумот испратен до претседателот на ООН - Бутрос Гали. Ако некој не знае добро македонски повелете англиски читајте. Зарем не можеме да бидеме свесни дека тоа е вистината. Нема друга вистина. Сум за тоа да се направи една пресвртница во овој момент, да се активираат сите дипломати. Тогаш ве молам да не зборувате тие што беа комунисти порано, тие што ја водеа дипломатијата сега пак ќе ја одат итн. Немојте така. Ако така бараме тогаш даги вратиме луѓето. Јас лично се знам со најмалку 20-тина луѓе и тоа перфектни дипломати, кои ќе . и помогнат на Македонија во ова време. Многу работи зависат од нас. Тука како партии, во своите партиски изјави, соопштенија, кога одиме и како партиска делегација надвор од нашата државата што зборуваме, со кого контактираме "како се изјаснуваме итн. Зависи од нас многу што и каков дух ќе внесеме кај оној што треба да каже "да". Немојте да се лажеме самите себеси, да речеме немојте сега ние кога ќе дојдеме на власт тогаш признајте не. Тоа навистина е срам за нашата држава, а такви индиции има. Јас имам такви докази.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлага, сега да прекинеме со работа, да направиме пауза до 15,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 13,45 часот).

(Седницата продолжи со работа по паузата во 15,40 часот)

Да продолжиме со работа.

Има збор пратеникот Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Г-дине претседателе, дами и господа пратеници,- се согласувам со тие дискутанти кои нас оваа говорница рекоа дека навистина не добивме информација како што ја посакувавме ние, па затоа можеби понекогаш и при нашите настапи погрешно и резонираме и даваме оценка за самата информација.

Неколку пратеници овде кажаа дека г-динот Малевски настапи малку нервозно. И јас се согласувам со тоа, меѓутоа, јас би сакал и да го разберам. Имам потполно разбирање за неговиот настап, затоа што претпоставувам и знам низ какви се маки и голготи поминува македонската дипломатија за меѓународното признавање на Македонија. Мораме малку пореално да ги гледаме работите иако сме под емоции, сме во една ситуација кога може би не можеме да се воздржиме во нашите резонирања, но јас мислам дека треба да знаеме што претставува Грција во меѓународниот план, кои се интересите во политиката што значи оската Грција – ЕЗ - Америка. Тие врски не можат да се кинат со викаше на оваа говорница. Тоа се дебели врски. Уште ако и им возвраќаме со некој наш популизам, тогаш јас наискрено ви велам дека 10 посто ја губиме битката за меѓународно признавање на Македонија.

Спомна и г-динот Малевски, многупати сме го слушале дека на Македонија и требаат пријатели. Честопати уште од еден доста паметен што го ценам како политичар е претседателот на Албанија го повторува тоа дека и на Македонија и на Албанија и требаат многу пријатели затоа што треба да се задира во совеста на лидерите и граѓаните,на земјите што одлучуваат во овој случај за меѓународното признавање на Македонија.

Некои се обидоа да прават и споредби во ретроспектива. Правеа и споредби со Словенија и Хрватска. Дајте и тука да бидеме реални. Дури

и во склоп на една Југославија, беше каква беше сосема друга беше позицијата на Словенија и Хрватска и во таа СФРЈ, а сосема друга беше позицијата на Македонија. Зошто не признаваме дека секогаш бевме најпослушните во таа екс-Југославија.

Понекогаш критикуваме. Точно е дека има можеби слабости во сиот овој пат за меѓународно признавање. Меѓутоа, критиките ги насочуваме така што удираме на првите личности како да им ставам некои налепници или етикети кои не ги заслужуваат. Ако велиме дека ова, еве ова го слушаме, го читаме во некои прилики дека високата политика на Македонија ја водат луѓе кои биле комунисти итн. Јас ве прашувам сите тука кој е претседател на Словенија. Г-динот Кучан. Кој е премиер, г-динот Дрновшек. Се се тоа прашања за кои ние треба малку и да правиме компарации во наши дискусии итн.

Кој се сега клучни луѓе во целата оваа дипломатија и во , оваа политика за признаваше на Македонија. Г-динот Глигоров, г-динот Малевски и меѓу тие најодговорни исто така и г-динот Црвенковски. Можеме ли сега да им припишуваме без аргументи. Не е фер. Јас мислам не е фер во вакви ситуации.

Некои со своите дискусии препорачуваа и да се вклучат во оваа дипломатија односно во признавањето на Македонија и други луѓе. Јас ќе морам малку да бидам саркастичен, но ќе кажам дека тие други луѓе можеби се зафатени сеуште, можеби некој е зафатен уште трага по тие штабови на албанската иредента. Некои можеби пак уште се занимава со диференцирање или уште послушен е на политиката на Милошевиќ. Некои уште пак проколнет од лебот на дебарските албнаци па душата не му мирува. Сите тие беа послушни а ние сакаме да ги враќаме можеби и во дипломатијата на Македонија.

VIII/4

Слушнавме од г-динот министер за надворешни работи дека се бара меѓупартиски консензус. Точно, се бара и тоа го имавме и сеуште го имаме. Се бара потребна лојална позиција, конкретно подобрување на меѓунационалните односи. Меѓутоа, сите знаеме дека ако не сме ние вклучени во таа мера во која е потребно во таа светска дипломација па светската дипломатија е вклучена кај нас барем во овие последни 2 години и ние сакаме или не сакаме сите сме, мислам како Македонија па и како партија и како националност ставени во монитор. Тоа една голема реалност. Можеби некој дури алудираше на тоа дека не треба и да се кажуваат сите работи кога доаѓаат странски дипломати. Верувајте дека ништо не може да се крие. Дури не може да се крие ако бара некој и позицијата на албанците

Отпорот кој се дава токму во овој Парламент за остварување на правата на Албанците не може да се крие. Тоа е јавно. Верувајте дека ние сме многу послушни кон светската и европската дипломатија и за нашите барања кога се обиде некој да ги прикажува дека се нереални токму другите велат дека се реални. Дури се случува на овие простори тие дипломати да кажат и тоа дека вие Албанците во некои барања дури сте и прескромни (смеа во салата).

Се случува еден парадокс во врска со лојалноста на државата. Кој е тој парадокс. Албанците со тешка мака се здобиваат со државјанство на РМ, со големо инсистирање. Значи, тие инсистираат да бидат државјани на Македонија. Кој има сега право да вели дека тие не се лојални на оваа држава. Албанците во Македонија било да се во партии или во разни здруженија имаат еден политички консензус. По цена на мирот правата ќе ги остваруваат низ институциите на системот. Политичкиот систем полека но сигурно го осворуваме, само се чека да се материјализира и со позитивни закони барем јас имам такво убедување.

Нема да дозволиме некој да рече дека, ако се остварува и самостојноста и независноста на Македонија и меѓународното признавање на Македонија по мирен пат, ако с остваруваат и правата по мирен пат дека тоа треба да биде некоја утопија. Тоа не може да биде утопија, тоа ќе се остварува затоа што такви се сега светските и европските процеси што некој сака или не сака така ќе биде. Меѓутоа, ни преостанува да бидеме упорни, со многу ум па да имаме и многу кондиција во еден парламентарен живот за да се остварува тоа што е цивилизациско во најмодерните општества. Да се кријат наши слабости, наши работи во кои незнам ни јас кој се вмешани, да се крие да речеме Бит пазар што го спомна и г-динот Превала, тоа не може. Денеска не може да се крие ништо. Тоа се работи кои ич да не ги кажуваме ние веќе другите ги знаат уште порано.

Не се согласувам со тие кои упорно сакаат популистички да настапуваат од оваа говорница. Дури сакаат и да ни наметнат една би рекол непотребна парола да пропаѓаме со нашите снаги. Никако не се согласувам со таквите, меѓутоа, ни кажа министерот, имаме информација дека патот ќе биде тежок, но сега ни Европа ни светската демократија, а кога ја има ја има некаде, не се согласува со такви политичари кои настапуваат револуционерно и кои настапуваат како некои неоскоевци.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Баш ми е мило претходниот дискутант што спомна некоја лојалност, па слободен сум за мала реплика.

Под лојално се подразбира излегување на референдум, гласање на пратеници за Уставот. Плаќање даноци и д.т. Малку се збрка

претходниот пратеник. А, што се многу скромни Албанците тоа е друго прашање. Тие многу сакаат да дојдат во нашата Република да живеат, не им се дава државјанство. Како можат да дојдат кога владее во нашава Република апартхејд. Над нив се врши геноцид, многу полошо живеат од црнците во Африка. За тоа ќе слушнете и подоцна, ќе ви кажам нешто, а сега многу скромни биле.

Понатаму, нашиот г-дин Министер за односи со странство спомна исто така некоја лојална опозиција што ќе ги брани интересите на државата и бараше партиски консензус. Нему му се придружи пратеникот Станковски за партиски консензус. Додека Хамит Алиу уште вчера кажа дека Албанците најповеќе се залагаат во Македонија околу признавањето, но не заборави да е Македонија мултиетничка и мултинационална држава.

Сега би почнал со г-динот министер Денко Малевски.

Се осетив навреден, исто така и мојата партија кога и бара лојалност; па зарем нашата партија не е лојална спрема државата. Затоа би започнал со библиската приказна за цар Соломон. Кога и двете жени што се преставувале маки дошле да им се пресуди чие дете е тоа дете што го донеле. Двете мајки тврделе дека тоа дете е нивно, Тогаш Царот Соломон го извадил мечот ќе го пресечам детето и ќе ви го дадам по половина. После тоа правата мајка почнала да плаче и рекла нека го зема детето другата. Така се установило чие е тоа дете. Така испаѓа и со нашава партија и со пратениците до националниот блок. Како можеме да бидеме ние нелојални против својата држава, против своето чедо и обратно против својата мајка. Тоа е апсурд. Ние бевме обвинети, се сеќавате добро уште за Уставот. Обвинети бевме дека не сме сакале да гласаме. Ние не сакавме таков Устав а не да не гласаме за Уставот. Не сакавме таков Устав и затоа младинците од целава Република дојдоа

пред Собранието и се бунеа за таков Устав што не одговараше. Тој Устав не ги брани интересите на македонската држава и реперкусии од таков Устав уште осеќаме и ќе осеќаме. Тие младинци беа наречени од нашите новинари хулигани. Како можеше тоа да се случи многу е чудно, но се случи.

Понатаму, зошто на крајот и ние гласавме. Кога видовме дека треба нашата држава да опстане сите ние гласавме за тој Устав. не гласаа, се договоривме неколку души. Не гласаше Драги Арсов и Доста Димовска. Требаше и јас да не гласам, но од голем страв да не успее овој Устав па гласав. Тие двајца што не гласаа тоа беше да го прикажат револтот, а не што не сакаат да гласаат. Понатаму за референдумот. За да успее референдумот, од голема љубов спрема својата татковина, спрема своето чедо ние за тој референдум баравме веднаш да не ре гласа за него, но прво за декларација баравме, па да се припреми народот и после тоа да дојде до Референдум. Пак бевме обвинети. Понатаму, бевме обвинети  и за грбот, зошто се боревме за грбот? Се боревме за нашето чедо, се за наше. Исто така за знамето се боревме. Испадна како што кажавме Еве го тоа знаме.

Левиот блок беше против тоа знаме, но успеавме и сега на сите вас ви замиле тоа знаме.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ**: (Продолжение)

Понатаму, бевме во врска со ова, слободен сум да ви прочитам еден дел од едно писмо, пред неколку дена пред Собраниево во врска со оваа седница, еден македонски патриот, граѓанин на Скопје, Јофовски Јовко што ми даде, само кратко нешто, еден дел: "За Македонија не е спорно дека грбот со лавот, името Македонија се провлекува заедно со векови. Ако се запрашаме како името Македонија успеало да не се изгуби во заборавот, ќе видиме дека од многуте фактори во тој прилог е- и грбот со лавот. Тие континуирано во историјата паралелно се следат и се докажуваат еден со друг. Докажано е дека грбот со лавот, тој земски симбол заедно со името Македонија потекнуваат од овие простори и ги прифатил народот кој живеел и живее на овие простори.

Ако сме едногласни дека името Македонија е наше, тогаш се подразбира дека грбот со лавот одат заендо со името Македонија. Кому не ми одговара овој симбол, тогаш нему не му одговара името Македонија. Откажувањето од овој грб значи негација дека Македонија е наше име за државата и народот. не

Ако се прифати лавот за грб, Грција ќе има уште една шанса да ја докаже својата теза. Па тие ништо македонско не прифаќаат. И, стварно ни е јасно зошто воопшто се врзува за тоа име.

Јас не знам дали нашето раководство во меѓународните контакти истапуваат со тезата дека името Македонија е избор на граѓаните или пак дека тоа е историска последица и континуитет на овие простори, кои за жал мораме да ги докажуваме пред светот".

Ова го донесов јас исто така со грбот, а тоа е една забелешка на Владата и нашиот министер за односи со странство кој за цело време како што разбреавме, Грција ја преплавила Европа, Америка, Австралија со пропаганден материјал. Јас, во нашава Република не сум видел дека

има таков материјал испратено некаде. Може е скришно, но ние не сме виделе. Па, зар не можеше во тој пропаганден материјал да се земеше грбот, еве го земскиот грб (покажува колор фотографија на тој земски грб), врзан е со името Македонија. Доле пишува Македонија Понатаму, тој во друга форма, пак Македонија. Трето, пак Македонија. Да ви ги редам. Секаде. Па, има ли подобра пропаганда во светот да се врзе грбот со името Македонија. Но, за жал, Левиот блок, коалицијата, прво што беше тајна, сега е веќе легална коалиција, криптокомунистичко албанска коалиција за жива глава не сакаше да го земе во обѕир овој грб.

Понатаму, во тој пропаганден материјал зар не можеше да се земат делови од Библијата. Јас и порано ви; зборував. Ако се земе Втората и Третата Мисија на Апостолот Павле, ќе се види, се разликува Грција од Македонија, се разликуваат Грци од Македонци, и требаше во тој пропаганден материјал и тоа да се земе.

Понатаму, трето, ако земеме ликот на Гоце Делчев, зар не можеше да се прати во светот, кој уште пред 100 години го рекол следното:

"Јас го разбирам како светот единствено како поле за култура но натпреварување на народите" сето тоа можеше под ликот да се напише. Каква пропаганда би била тоа во светот. Уште пред 100 години какви напредни луѓе сме имале. Ретко кој не би ни завидел.

На крајот, би рекол нешто друго, овде имаме навистина кажав каква коалиција. Дел од таа коалиција така бледо се бори околу признавањето, но друг дел од неа е против признавањето. Па, кога ќе земеме едните одат во позитива, другите во негатива. А, колку што се сеќавам од математиката беше плус по минус дава минус. Што значи се оди во негатива. А дека тоа е така ќе ви посочам со следново:

IX/3.-

Уште пред два дена партијата на НДП сака да поднесе меморандум во врска со меѓународното признавање на Македонија. Па, бара меѓународна конференција на Македонија, што значи да несе признае, бидејќи они биле дискриминирани, албанците во Македонија. А, сепак, како колегата претходен дискутант кажа дека сакат да живеат овде, а дискриминирани се?!

Па, сега би зел дел од богатиот материјал каде се борат против признавањето на Македонија. Ако земеме во ноември минатата година, лидерот на ПДП Невзат Халили, во подолг интервју за албанската телевизија изјави дека Македонија никогаш не била демократска држава. И, официјално од својата лидерска позиција објави оти Македонија не заслужува меѓународно признавање. Не знам, како се борат они за признавањето. Тоа е во ноември.

Исто така, тој месец, претседателот на НДП Илјаз Халили побара од грчкиот премиер Константин Мицотакис блокирање на признавањето, го кажа и следното: Ние сосема се согласуваме со вас дека една таква држава ќе ја доведе во постојана сериозна опасност Грција другите држави и мирот и безбедноста во регионот."

Исто така, тој ист месец Сами Ибрахими, вториот човек во ПДП вели дека Албанците во Македонија биле од секогаш масакрирани и третирани полошо од Црнците во Јужна Африка.

Па имаме човек овде , многу се смееше, а тоа е координаторот на ПДП и НДП Мухамед Халили. На 13 ноември, на средбата на претставниците на парламентот на Република Македонија со делегацијата на Американскиот конгрес на чело со Сенаторот Де Косини дека ставот на неговите партии меѓународно да не се признае Македонија се додека не добијат меѓународни гаранции албанците во Македонија. Каква демагогија Каков цинизам!.

Тие две партии ги поттикнуваат албанците да го бојкотираат пописот, референдумот, не плакат даноци итн. итн. Работат против виталните интереси на Македонија и нејзиното меѓународно признавање. Тие и натаму се легални и се во коалиција со криптокомунистите и учествуваат во власта. Што значи ова? Ова значи дека антимакедонска коалиција. Гледаме какви се резултатите. Никој од нив не се огради. Па сега, како да му објасниме на светот дека основна задача врз која се договори да работи коалиционата влада со пет министри албанци беше "трасирање на патот за признавањето", ова го изјави во експозето премиерот Црвенковски што ќе овозможи постабилна клима за консолидација" . Гледате каква консолидација имаме и какви резултати имаме. Ви кажав уште преска плус по минус прави минус.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Реплика бара господин Хамид Алиу.

**ХАМИД АЛИУ:**

Бидејќи претходниот дискутант по име не го знам, а изгледа доктор по ишијаз е, јас тврдам дека и признавам дека не сум да прочитам туги текстови и да прикажувам приказни овде, меѓутоа ако некој не го знае тоа дека Македонија мултинационална, мултикултурна и мултилингва, 99% му одбивам на глупост а 1 % како човек.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, немојте така. Треба личностите еден спрема друг со почит да се однесувате. Ве молам, а, ставовите можат да бидат и спротивни.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Вака, навистина сум јас лекар за ишијаз, тоа но сум и лекар за мозоци, за луѓе оболени од вакви болести.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Халили беше спомнат. Бара реплика.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Не излегов за реплика. После мудрите негови зборови излегов да му дадам поддршка да ги афирмира уште повеќе нашите ставови и ние само ќе молчиме. Имаме еден адвокат дрвен тука.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор има господин Георгиевски.

**ЉУПЛО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Дами и господа, господине претседателе, еве после скоро два дена дискутирање излегувам и јас да го кажам моето мислење за сето она за што овде дискутираме овие денови. И, пред да почнам со тоа што нели може да произлезе од воведната Информација на господинот Денко Малевски, како министер за надворешни работи, уште еднаш сакам да дадам едно појаснување за тоа што од многу пратеници кои излегоа од левата коалиција, односно од коалицијата на Владата беше овде поставено прашањето на некакво чудење, зошто оваа седница се свикува, зошто разговараме кога ние имаме веќе е донесено ставови, зошто разговараме кога имаме устав и едноставно огромен број - прашања од сомнителен карактер, се со цел да се направи повторно една забуна дека оваа дискусија денеска односно која почна вчера дека не ни е потребна, дека се ни е договорено, дека се ни е јасно и дека едноставно нема потреба од ваква седница.

Зошто беше нашата иницијатива кога пред една недела ја покренавме за свикување на една ваква вонредна седница? Нашата иницијатива токму беше од некои настани што ни се случуваат и можам да кажам дека повеќе од еден месец ја потресува македонската јавност. Можеби не толку директно колку индиректно. А, тоа е она што се нарекува секојдневно спомнување на некое ново име на македонската држава.

IX/6.-

Ваквите настани се предизвикани пред се од неколку факти на кои бевме сведоци:

Првиот факт дека УНПРОФОР дојде во Македонија под името Бивша Југословенска Република Македонија.

Второ, дека Македонија беше примена во Европската банка за обнова и развој во Давос под истото име, Бивша Југословенска Република Македонија, дека е дадена некаква начелна согласност за примање во меѓународниот монетарен фонд на Република Македонија, повторно под името Бивша Југословенска Република Македонија.

Конечно, она што многу интензивно го слушаме во последниов месец, а тоа е дека во кулоарите и на различни нивоа во ОН многу блиску до Советот за безбедност постојано циркулира едно име повторно истото, Бивша Југословенска Република Македонија како можно име за некаков си привремен прием на Република Македонија во Обединетите Нации.

За жал, ако до пред минатата недела околу ова прашање, последното, за приемот на Македонија во Обединетите нации под вакво име постоеја некакви неформални информации од некакви средства за јавни информирање, и информации кои ги добивавме од разни мас-медиуми во светот, можеме да кажеме најслободно дека во последните неколку денови веќе работата со ова име доаѓа до еден сериозен момент при што сигурно најсериозен момент ќе го спомнам односно момент на кој можам да се потпрам на некакви факти, е вчерашната седница односно вчерашната изјава на претседателот на Советот за безбедност во овој момент, тоа е амбасадорот на Мароко кој даде изјава и беше пренесена преку Македонското радио каде вели дека во Советот за безбедност се завршени неформалните консултации за приемот на Македонија под името Бивша Југословенска Република Македонија, дека Советот за безбедност односно членките на Советот за безбедност во

тие неформални консултации се согласиле со приемот со едно вакво име и дека е упатено или ќе биде упатено во најскоро време до владите во Скопје и Атина, да се добие повратен одговор дали Грција и Македонија се согласуваат Македонија да биде примена под името Бивша Југословенска Република Македонија.

Реакцијата од страна на Република Грција ја добивме веќе вчера вечер, после вонредната седница на Грчката Влада, со изјавата на господинот Мицотакис дека тој чувствуа дека Грција остварила уште една огромна победа и дека она што го барала тоа и го добила. Таа изјава беше повторена и сабајле.

Мене ми е жал што во овој момент не можам да сметам во моето излагање на ставот на Македонската Влада по ова прашање, незнам во што е проблемот зошто Македонската Влада или Македонскиот претседател кој, за цело време си ја водеше на еден начин сам таа надворешно политика, сеуште немаат став по ова прашање, по Нацрт Резолуцијата, меѓутоа, јас се надевам дека ако е одговор на македонската влада дека, дали денеска вонредно ќе свика седница или најдоцна утре, меѓутоа сметам дека треба да излезе пред македонската јавност со свој конечен и конкретен став кој е нејзиниот став по прашањето што ни го предлагаат од Советот за безбедност, а тоа е името Бивша Југословенска Република Македонија.

Еве, токму заради тоа беше иницијативата за оваа вонредна седница што ја свикавме овде. Тоа е на еден начин како одговор на оние пратеници што се чудеа зошто разговараме за ова и јас се надевам дека после оваа седница ќе има и многу конкретни резултати од кои сметам дека македонската влада ќе извлече своја поука да даде еден конкретен став во најкраток можен временски период, затоа што колку што ја чув изјавата на претседателот на Советот за безбедност беше дека до

почетокот на идната недела одговорот треба да биде упатен назад во Советот за безбедност за да се знае дали може да се помине на формално одлучување за прием на Република Македонија под името Бивша Југословенска Република Македонија.

Значи, сакам на самиот почеток да ги разбирам секаквите илузии кои овде сакаат да наметнат дека зборуваме за нешто апстрактно. Зборуваме за многу конкретна работа, работата е доведена до ивицата и ако не денеска, тогаш во наредните два-три дена мораме да го дадеме својот одговор, дали го прифаќаме тоа, дали го одбиваме. Меѓутоа, независно од она, не можам при ова мое излегување а да не се задржам на дел од она што го кажа самиот господин Министер во своето излагање при што јас на самиот почеток како информација за приемот на обединетите нации, она што го добивме како писмена информација, при што на самиот почеток би рекол дека навистина во самата информација се виде дека немаше потреба оваа седница да биде затворена или отворена или тајна или јавна како што некој ја нарекуваат туку едноставно дека сите овие работи што беа кажани овде ние веќе сите, по неколку пати сме ги слушале.

Х/1 НН/ЛБ

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ**: (продолжение)

Единствено што можевме да чуеме тоа да видиме една средена фактографија како сето тоа изгледало по дати или по места. Значи уште еднаш се покажа дека токму по ова прашање најмалку ни е потребна затворена или отворена седница на Македонскиот парламент. Напротив сметам дека затворената седница му беше потребна некому за да ги прикрие сите свои слабости досега, сите свои промаувања , сите свои манипулирања како према јавноста, или пак од друга страна некој нив ги манипулира, меѓутоа тоа не ги ослободува од одговорноста затоа што да дозволиш на некој да те манипулира исто така е проблем на самата дипломатија и на самите луѓе кои ја водат надворешната политика. Ќе се задржам на неколку елементи.

Прво, на целата оваа политика за прием на Македонија во ООН. Во таа смисла кога се зборува во целата надворешна политика која се водеше на Република Македонија и посебно во таа смисла и на претседателот на РМ, господин Глигоров и министерот за надворешни работи г-дин Малевски не можеме веднаш да не истакнеме дека сето она што го кажавме минатиот пат за целокупното водење на надворешната политика на РМ до нејзиното меѓународно признавање може и овој пат да се повтори кога зборуваме за водењето на надворешната политика, за патот до доаѓањето на Македонија за прием во ООН. Во таа смисла н есакам да ги повторувам сите оние работи кои ги повторивме на минатата седница, затоа што сметам дека веќе доволно се јасни, само ќе се задржам на неколку елементи кои што како што влијаеја за овој статус на РМ како меѓународно непризнаена држава, исто така влијаеја и за овој статус на Македонија како сеуште непримена членка на ООН. Кој се тие клучни елементи? Клучните елементи се токму оние дека македонското државно раководство долго време немаше расчистено самото со себе што сака? Сака ли самостојна Македонија или сака да ја спасува Југославија?

Сигурно првиот карактеристичен датум беше 15 јануари кога Словенија и Хрватска беа признаени. Дотогаш, мораме сите ние да признаеме, се занимававме самите со себе и се занимававме со патитата, декларацијата како да ја спасиме Југославија. Најкарактеристичниот документ беше платформата Глигоров-Изедбеговиќ која беше седум осум месеци официјална надворешна политика на РМ. Значи, првата го- лема грешка на патот до меѓународното признавање на зачленување на Македонија во ООН е изгубениот воз кој успеавме да го промашиме кога Словенија и Хрватска беа меѓународно признаени, а кога влегоа во ООН. За жал се до тој момент ние водевме единствена политика на спасување на Југославија. И денеска нема воопшто потреба да се чудиме зошто доцниме толку време позади овие други републики. Политиката мораме да си ја погледаме наназад. Тука беа спомнати многу примери, изјави на министерот дека тој ќе се бори само за Југославија, самостојна Македонија без него. Тие примери веќе се банални, сите ги знаеме, меѓутоа мораме да ги поврземе со она време додека целата надворешна политика на РМ наместо да го подготвува патот за приемот во ООН ја спасуваше Југославија.

Исто така, јас само би потсетил, денеска многу сум радосен кога гледам дека сите средства за јавно информирање сите политички партии секојдневно зборуваат за меѓународното признавање на РМ, целиот народ живее со тоа меѓународно признавање на РМ. Јас ве уверувам доколку ние имавме една таква политика на Македонските средства за јавно информирање пред една година, не сега, каква што ја имаме сега ние досега ќе бевме четири пет пати признаени, а не сеуште да стоиме вака.

Само да се потсетиме на оној момент дека ние до 15 јануари) минатата година сеуште нашите коментатори по Македонската телевизија и весникот Нова Македонија ни кажуваа како Германија

сакала да ја разбие Југославија, го напаѓаа Геншер, даваа документарни филмови за фашизмот во Германија или незнам какви се приказни ни кажуваа за политиката на Словенија и на Хрватска. Буквално секоја вечер слушавме хумористични емисии и коментари.

Втора голема грешка е исто така дозволувањето на Лисабонсакта декларација. Повторно овде скоро во сите дискусии се спомнува Лисабонската декларација како еден момент од кој навистина на Македонија и тргна на сите страни лошо и едноставно го знаеме тој документ, документ со кој се бара Македонија да се откаже од сопственото име. Повторно и овој пат се заборава да се спомне зошто беше донесена Лисабонската декларација. Кој е главниот виновник зошто беше донесена Лисабонската декларација и кои се луѓето кои ја водеа политиката на Македонија до донесувањето на таа Лисабонска декларација. Не можеме ние да зборуваме за вината без да ја погледаме одговорноста, ако треба од период до период, од месец до месец меѓутоа оваа политика има свој континуитет некаде од прилика од две години. Истите луѓе, истиот начин на водење на политиката. Тоа се двете крупни работи кои досега се поставуваа како големи промашувања во водењето на начинот, на методите на меѓународното признавање на РМ.

Во таа смисла беше истакнато во информацијата дека Македонија постигнала некои големи успеси во меѓународната политика и дека денеска целиот свет гледа со симпатии. И повторно не се срамиме дека сите ни се воодушевуваат на нас, сите кажуваат колку мудро раководство имаме, сите ни даваат пофални изјави, а резултатот го нема никаде. Јас само ќе ве потсетам, не сакам да правиме информации врз основа на некои лични средби и на лични пофалби каде некој на некого му рекол многу паметна политика водиш, многу разумна политика водиш,

браво само така продолжи, сакам да зборуваме за резултати. Резултатите ги нема. И оттука кога некој ќе ми спомне дека постоела некаква фиктивна симпатија према Македонија во овој момент и од друга страна кога гледам каде се наоѓа Македонија и на проблемот на меѓународното признавање и на проблемот на зачленување на Македонија во ООН навистина не можам а да наречам доста со ова лицимерие во РМ. Симпатиите да ги оставиме настрана, дајте еднаш да разговараме за резултатите. А резултатите не треба да ги спомнуваме сите ние каде се што се и какви се. Јас незнам какви се тие симпатии кога денеска 90% од оние новинари кои доаѓаат кај мене или политичари кај мене кои доаѓаат во најобичен разговор, партиски или било како пратеник она со што почнуваат - па што вам ќе ви смета ако го смените името. Тоа ли е таа симпатија која ние досега сме ја освоиле во светот. Напротив, тоа зборува дека Грчка- та пропаганда на начинот на кој работела досега многу повеќе била успешна од нашата и покрај тоа што целата фактичка вистина е на наша страна јас не можам да зборувам за никакви успеси, за никакви симпатии кога гледам дека денеска и политичкиот свет, и не само политичкиот, кој е најважен во овој момент апсолутно ја дражи страна на Грција. Ние повторно секој ден повторуваме во Франција некој рекол колку паметна политика водина, во Германија некој рекол, па во Америка исто така не фалат многу. Доста со тоа лицемерие, дајте да зборуваме за резултатите.

Во таа смисла кога зборуваме за целото тоа водење на меѓународната политика не можам а да не се задржам на еден елемент кој овој пат, во оваа парламентарна дискусија неколку пати беше на индиректен и директен начин и ескалираше во разговорите на пратениците. Кој е тој момент? Тоа е моментот на работата на Владата. Зошто?

Ако се прави една коалициона Влада, во случајот неколку партнери СДС, Реформските сили, Социјалистичката партија и коалицијата ПДП и

НДП, тогаш секоја Влада, не само во Македонија, туку во било која земја во светот покрај тоа што се прави за да се откријат некои функции, позиции, или фотељи што го нарекува нашиот народ, се прави за да може таа Влада да функционира и резултатите да ги остварува. Кој е тој елемент што сакам да го спомнам. Неколку пати беше спомнат на еден индиректен начин.

Јас не можам да сфатам денеска, и за мене е тоа парадокс, циркус правиме во Република Македонија, не можам да сфатам ние денеска во Македонија да имаме Влада во која едниот дел на таа Влада вели ние сме за меѓународно признавање на Република Македонија, а 1/3 од таа Влада вели ние сме против меѓународното признавање додека не ги остварите тие, тие и тие услови. Конкретно, се работи за двата дела на оваа Влада, едниот вели, составен од македонските партии и вториот дел од албанските партии, значи ПДП и НДП од едната страна и од другата страна СДС, Реформските сили и Социјалистичката партија. Јас навистина ја замолувам македонската Влада да седне и да посвети една седница на сопственото работење и конечно да се до- говори. Ако градат заедничка политика за меѓународно признавање на Република Македонија нека ја договорат таа заедничка политика на една седница на Влада, а не вака да имаме. Јас сега не знам навистина која е позицијата на Владата. Го слушнав претставникот на ПДП, завчера вели ние сме против меѓународното признавање се додека тие услови не се остварат, не знам какви се таму набројува услови. А од друга страна имаме, да речеме министер исто на таа Влада кој трча по целиот свет и се бори за меѓународно признавање на Република Македонија, или премиерот на истата таа Влада. Верувајте луѓе, погледајте ја самата комбинација и самите ќе увидите ако малку од малку сакате да размислувате. Нормално дека е тоа една парадоксална состојба која понатаму не е издржлива. Мора македонската Влада да седне, од една страна петте албански министри а од друга страна македонските

министри и да се договорат каква политика ќе водат за меѓународното признавање. Тоа истото ни се случи и вчера и денеска во македонскиот Парламент. Имаме дел од коалицијата која зборува дека треба да се признае Македонија, имаме друг дел од коалицијата која повторно кажува 150 услови кои треба да ги исполниме, па после да бараме меѓународно признавање на Република Македонија. Јас само ќе потсетам. Основната работа на секоја коалиција која се прави е да направи успешна Влада која ќе функционира. Сега ако за вакво пресудно прашање за македонската нација, за македонската држава, за сите граѓани во Република Македонија не можете да се договорите како ќе ви функционира Владата, тогаш направете криза на Владата, направете реконструкција, дајте некоја нова политика. Меѓутоа ова што сега го правите е навистина неиздржливо. Јас сега не знам на кој дел од Владата да му верувам каква политика води македонската Влада. Впрочем, само ќе потсетам дека при образложението при формирањето на оваа Влада една од основните причини беше дека токму тоа ако се создаде Влада од една страна на Македонци и Албанци тоа ќе биле еден многу брз чекор за да дојде Македонија до меѓународно признавање. Веќе поминаа четири месеци, можеби и повеќе од формирањето на таа Влада и гледаме дека некако резултатите тука не се баш погодени. Навистина, ќе ве замолам, навистина македонската Влада мора да си посвети една седница на самата себе, да види како понатаму ќе дејствува во поглед на меѓународното признавање на Република Македонија. Сигурно таков договор е потребен и за многу други прашања, меѓутоа сега е најактуелно меѓународното признавање на Република Македонија. Тоа е она на што сакав да се задржам, бидејќи произлезе овде од дискусиите.

Понатаму, кога зборуваме за она што беше истакнато овде не можам а да не го спомнам моментот каде во Информацијата на

господинот Денко Малески беше побарано од опозицијата во македонскиот Парламент да биде лојална и во таа смисла ни ја кажа теоријата на демократијата дека мнозинството сепак треба да владее, а малцинството да се покорува на одлуките на мнозинството. Јас се согласувам со тоа дека се тоа принципите на демократијата, меѓутоа кога зборуваме за таа лојалност на опозицијата, во оваа смисла можам да зборувам за пратеничката група на еден начин, на ВМРО-ДПМНЕ во македонскиот Парламент, а со тоа пошироко како партија јас можам да ви кажам, бидејќи на еден начин чувствувам дека сме директно прозвани, а после зборуваме за таа лојалност треба да го поставиме прашањето лојалност кон што. Ако барате лојалност кон државните интереси на Република Македонија тогаш јас можам да ви кажам дека ВМРО-ДПМНЕ во ниту еден момент не отстапил од тие лојални интереси меѓутоа ако барате лојалност кон Владата како Влада, јас не гледам со што би биле ние обврзани да имаме лојалност кон Владата посебно кога гледаме дека прави грешки на сите можни чекори. Во таа смисла ќе потенцирам неколку елементи при што бевме и нападнати ми се чини од некои пратеници дека многу сме ја осудувале Владата во Република Македонија и власта во Република Македонија дека била комунистичка и со тоа сме го спречувале меѓународното признавање на Република Македонија.

Јас можам да ви кажам дека тоа е став на партијата која партијата го градела од самиот почеток па до ден денес и во таа смисла не чувствуваме некоја потреба дека треба да се откажеме од тоа да го кажуваме она што е вистина. Исто така, можам да ви кажам дека без разлика дали ние тоа ќе го кажуваме или нема да го кажуваме сигурно Европа и светот го знаат тој пат дека е таков.

Втората работа која беше спомната овде беше дека лојалноста, односно работата на опозицијата ќе се гледала и во конфликтивната

улога внатре во македонскиот Парламент при донесувањето на законите, системските закони на сето она. Во таа смисла јас само да ви кажам дека ВМРО-ДПМНЕ никогаш не бил против ниту еден системски закон, не бил против она што се нарекува закон со кој се воспоставува македонската државност. Секогаш сите наши забелешки биле од спротивен карактер затоа што се уште не се воспоставува македонската државност и нормално некои закони, кои што сметаме дека ги штитат партиските интереси. Меѓутоа, кога зборуваме кој е тој што ги кочи донесувањето на законите внатре во македонскиот Парламент, како опструкција за заокружување на државноста, јас само ќе ве потсетам исто така на начин како што пред малку го спомнав примерот. Формирањето на една коалиција, на една коалициона Влада значи и коалиција во македонскиот Парламент за да можат предлозите што ги дава истата таа Влада да бидат усвојувани што побрзо, што поефикасно и на што побрз начин да се решаваат проблемите. Мене ми е многу жал што токму тоа повтор- но го чув од еден пратеник на коалицијата, кој изрази жалење што македонскиот Парламент бавно донесува некои системски закони или некои закони воопшто во македонскиот Парламент. Јас навистина тука, исто така можам да ја критикувам работата на коалиционата Влада и на коалиционите парламентарни групи и само да ги потсетам. Ако направиле тие веќе коалиција таа коалиција мора да функционира и во македонскиот Парламент. Впрочем ако се соберат сите коалициони партии тие имаат преку 70 гласа и секој закон, секој предлог можат да го донесат во било кое време. Ако има внатрешно недоразбирање, тоа е нивни внатрешен проблем, нека си направат состанок на коалиционите партнери и нека ги разгледаат проблемите.

Меѓутоа, кога зборуваме за обвинувањата за лојалноста на опозицијата кон Владата и зошто не гледам причина на некого јас да му се извинувам колку сум лојален кон оваа држава, а бидејќи некои напади

беа од незгодни позиции и сфрлени денеска само ќе спомнам неколку работи.

Опозицијата од која вие барате да биде лојална беше единствената партија која во предизборната програма има зацртано дека Македонија треба да стане меѓународен субјект и бара меѓународно признавање на Република Македонија. Јас ве уверувам сите оние кои денес се на власт во Република Македонија да беа толку лојални кон идејата за македонско меѓународно признавање, како што беше опозицијата, ние досега ќе бевме неколку пати признаени. За жал до-дека ВМРО-ДПМНЕ односно опозицијата што ја нарекувате вие зборуваше 'за тоа меѓународно признавање многу луѓе во Република Македонија кои денеска ја водат таа меѓународна политика се смееја на фактот како Македонија може да биде меѓународно признаена. Опозицијата од која барате вие лојалност е единствената партија денеска во Републиката која има платформа за меѓународно признавање на Република Македонија и меѓународна политика која за жал одредени средства за јавно информираше и покрај тоа што беше дадена не сакаа ни да ја погледаат. Ако ја погледате платформата на опозицијата за меѓународна политика на Република Македонија, јас ве уверувам дека и до ден денес има стотици актуелни елементи кои можете вие како власт да ги употребите во активната политика за надворешно признавање на Република Македонија.

Опозицијата, исто така од која се бара да биде лојална, јас ќе ви кажам е партија односно позиција која досега има остварено најголем број на политички меѓународни контакти, меѓутоа за жал сите тие активности на таа иста опозиција се минираат внатре во Македонија, пред се од средствата за јавно информирање од едноставна причина што не сека да се објавуваат таквите информации. Ние неколку пати сме зборувале за тоа и овде можеме да го спомнеме и прашањето кога се

бара од страна на македонската Влада, па ајде сите да се вклучиме во меѓународното признавање, сите да учествуваме, средствата за јавно информирање, партиите, интелектуалците. Јас само ќе ве потсетам на неколку елементи. Во април минатата година делегација на ВМРО-ДПМНЕ беше во Брисел каде што и во Европската заедница поднесе Меморандум за меѓународно признавање на Република Македонија. На конференцијата беше присутен и новинар на Македонска та телевизија и на весникот "Нова Македонија".

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ**: (Продолжение)

И двајцата новинари ги викнавме да видат дека опозицијата дава Меморандум за меѓународно признавање, ни едниот ни другиот не испрати информација во Македонија. Чии се македонските средства за јавно информирање, на власта или на сите граѓани во Република Македонија и на сите политички партии.

Во мај минатата година истата таа?. опозиција имаше чест да биде примена од претседателот на Република Австрија Томас Клевсил и министерот за надворешни работи господинот Алоиз Мок трипати требале да даваме соопштенија и двапати да правиме прес конференции за да истите тие средства за јавно информирање напишат конечно со една реченица дека опозицијата била примена од Австрискиот претседател и министерот за надворешни работи.

Минатата сабота, исто така делегација од опозицијата беше на конференцијата на Европската демократска унија во Љубљана, каде што ќе учествуваат 20 држави со 20-тина политички партии кои во овој момент држава 80% од Владите во Европа. Новинарод дојде ја пренесе таа информација македонската телевизија не сакаше ни да ја објави инвокацијата дека делегацијата на ВМРО-ДПМНЕ учествувала на една ваква конференција каде што зборувала за меѓународното признавање каде што се сретнала со неколку шефови на политички парии кој денес владеат во Европа. Сега го поставуваме прашањето каква лојалност бараме од опозицијата и за што можеме да ја осудуваме опозицијата. Ќе ви кажам уште еден пример, можеби нај дрскиот односно можам да кажам навистина карактеристични. За идната недела се спрема на истата таа позиција од која вие барате лојалност ќе ја посети САД, а меѓу другото ќе ја посети и Вашингтон. Ги правиме сите можни напори да се сретнеме во Вашингтон. Темата ќе биде една единствена борба за

меѓународно признавање на Република Македонија. За жал, во истиот тој Вашинктон сега престојува некој, не знам кој статус го има, дали е специјален пратеник, дали е овластен дипломат, дали е овластен политичар извесна госпоѓа или госпоѓица Весна Ацевска незнам како се вика или Вера Ацевска односно Љубица Ацевска, се извинувам сигурно ја знаат во Владата. Прво, незнам по која основа е таа испратена во Вашингтон. Знаете ли господа ние што доживуваме сега на таа наша посета во Вашингтон. Доживуваме нашите американски пријатели да ни даваат информации дека таа Љубива Ацевска оди од канцеларија до канцеларија каде што ние бараме прием да кажува дека ВМРО е терористичка организација, дека ВМРО е фашистичка организација и дека не треба да и се одобри прием во Вашингтон. Тоа е односот на Владата денес во Република Македонија кон опозицијата од која Вие барате да се бори за меѓународно признавање на Република Македонија. Не знам дали е со Џон Битов, меѓутоа, тоа е нова информација, пазете ја апсурдноста на ситуацијата. Американските пријатели наши да ни кажуваат дека официјалниот претставник на Република Македонија место сега да трча од канцеларија до канцеларија да зборува за меѓународно признавање оди од канцеларија до канцеларија и ја минира посетата на ВМРО во Вашингтон. Еве тоа е лојалноста која очигледно се бара за меѓународното признавање на Република Македонија од Владата на Република Македонија. Меѓутоа, независно од тоа ВМРО ДПМНЕ лично јас да ви кажам со сите функции што ги имаме и како пратеник и како претседател од самото формирање на нашата партија од самото влегување на нашата партија овде ниту еден момент не сме отстапиле од политиката за заокружување на македонската државност, за меѓународно признавање на Република Македонија и без разлика какво е мислењето на Македонската Влада и на македонските средства за информирање нашата линија се знае во кој правец оди. Навистина, немам потреба понатаму некому да му објаснувам каква е нашата

досегашна политика, дали сме лијали или не лојални. Како што некој овде сакаше да го нарече односно да го вулгаризира тој проблем.

Конечно, до она што сега е најактуелно, некаде пред еден месец во овој ист македонски парламент зборувавме за една тема дали Република Македонија односно македонскиот парламент на еден индиректен начин да го прифати името Република Македонија (Скопје) како додавка при што измислија нов граматички поим во македонската граматика, додавка, бидејќи таква не постои за да испадне поголема шпекулацијата, меѓутоа не зависно до тоа и кога зборувавме пред еден месец за тоа име Македонија - Скопје, навистина лично мислев дека е тоа најстрашното што може да и се случи во поглед на промената на името на Република Македонија кога еве пред неколку дена бевме изненадени со нешто пострашно, а тоа е ново име Бивша Југословенска Република Македонија. Во таа смисла јас навистина, бидејќи овде неколку пати пак ќе речам на самиот почеток беше изразено чудење, па зошто ние бараме кога веќе имаме донесено ставови, зарем не се знае нашата позиција и сл., меѓутоа, независно од сето тоа знаеме и од целата таа позиција мене навистина денес не ми е јасно, затоа што повторно се прави една хипокризија, никој ништо не знаел а гледаме многу конкретни елементи. Навистина мене не ми се јасни неколку работи.

Прво, на кое ниво во Република Македонија е донесена одлуката да се прифати УМпрофор да дојде во Македонија во договор во кој ќе стои името Бивша Југословенска Република Македонија.

Второ, уште по нејасно , на исто така на кое ниво во Република Македонија е донесена одлуката Македонија да биде примена во членството на Европската банка за обнова и развој под името Бивша Југословенска Република Македонија. Тоа се тие две главни работи кои ние мораме да ги знаеме ако сакаме да имаме валидна дискусија и ако

сакаме да имаме валидни информации. За жал, ниту во усмената Информација , ниту во писмената Информација не беше спомнат тој факт на кое ниво во Република Македонија се донесени веќе две одлуки со кои Македонија фигурира под името Бивша Југословенска Република Македонија. Тоа е основната работи и јас не верувам дека некој ќе ми го даде тој одговор, меѓутоа сакам да ви кажам дека тука е клучот на манипулацијата што ни се прави сега и при приемот во Обединетите нации под исто име како што е ова. Ако е спремна Владата и министрите да одговорат на тоа прашање, јас сметам дека многу полесно ќе ни биде да одговараме на сите оние прашања кои денес не мачат. Значи таа одлука тоа одобрени од македонска страна веќе е дадено. И затоа ние не треба повторно да ја матиме работата и повторно да сакаме да кажеме дека ништо не знаеме, односно дека не знаеме што ни се случува. Многу јасно знаеме што ни се случува. Веќе некој од Македонија за две крупни работи има дадено согласност Македонија да фигурира во меѓународните договори под името Бивша Југословенска Република Македонија. Тоа е факт на кој мораме сите ние да се задржиме сите ние мораме да го имаме предвид пред било што друго да дискутираме или да кажуваме овде. Тоа е веќе случено во Република Македонија. Тоа се веќе факти од кои не можеме да бегаме.

Понатаму, зошто сметам дека ова име не е прифатливо за македонскиот парламент за граѓаните на Република Македонија, за иднината на македонската државност во светло на сите овие манипулации што ги слушаме овде. Во таа смисла дека е дадено тоа име, за жал, бев многу изненаден кога господинот Малески пред неговото излагање рече дека еве сега се слуша за тоа име Бивша Југословенска Република Македонија, меѓутоа, ние не треба да одговараме се додека не добиеме некакви релевантни аргументи или факти . Се надевам дека добро го  цитирам што е уште еден доказ дека

за жал веќе некој од Македонија има некаква согласното во тој поглед. Меѓутоа, да се задржам на самото име. Зошто за Македонија сметам дека името Бивша Југословенска Република Македонија не е прифатливо. Не е прифатливо, прво, од два главни аспекти. Штом ако го прифатиме едно вакво име, тоа ќе значи дека целата наша историја за борба на македонска државност произлегува само од Југославија и од ништо повеќе. Значи, треба да ја ставиме на страна целата македонска историја за борба. Како додаток само ќе спомнам уште фактот дека за жал , ваквиот терми Бивша Југословенска Република Македонија односно Бивша Југославија престанала да постои во 1941 година, а не 1991 година. Кој е вториот момент кој е уште поважен од оној историскиот, тоа се импликациите по иднината. Мене ми е жал што веќе во Македонија, пред се форсирањето, тоа е форсирано преку државните структури веќе се шират некои гласини дури и во некои весници се појави тоа дека па еве нека не признаат под името Бивша Југословенска Република Македонија само да се спасиме од војната, мирно ќе биде , ќе тргне работата и тоа се форсира како да ќе биде крајното решение. Јас овде сакам само да предупредам оние кои имаат намера во македонската Влада или во македонскиот државен врв да даваат таква согласност, со добивањето на едно такво име Бивша Југословенска Република Македонија не само што ќе го добиете мирот во Република Македонија, не само што ќе добиете некаков економски просперитет, не само што ќе добиете некаква сигурност дека дури тогаш ќе почне нај големиот немир во Република Македонија и најголемата опасност за Република Македонија. Не сакам да зборувам за внатрешниот немир, за надворешниот. Зарем толку не сакаме да видиме дека една Србија нашиот северен сосед кој во овој момент се нарекува Република Југославија едвај чека Република Македонија да го стави името Бивша

Југословенска Република Македонија. Па ако сега ние очекуваме фронтови од таа страна што можеме да очекуваме во идните години кои стојат пред нас во секој момент даваме и формално и морално право на нашиот северен сосед кој се нарекува Југославија да рече чекајте вие сте само Бивша Југословенска Република и ние можеме да ве вратиме кога сакаме назад. Тоа е една огромна манипулација која ни се спрема повторно. Затоа, јас само ќе повторам, ова име нема да претставува никаков мир, нема да претставува никаква стабилност, нема да претставува никаква сигурност. Ќе претставува само еден нов морален аспект, формален начин за да може повторно истиот оној од кој што се плашиме да се повика да се врати назад во Македонија . А да не го спомнеме фактот дека за жал под вакво име во Република Македонија односно слично име имавме и Референдум во Република Македонија каде што се одобрува статусот за стапување во суверени држави на Југославија. За жал, ако го поврземе ваквото име со Референдумот и ако јас можам да ви кажам лично не верувам одамна дека во оваа држава многу работи се случуваат случајно, туку многу случајни работи се систем кој ни се приредува во Република Македонија играта односно кругот каде ќе се затвори со иднината на Република Македонија, за жал, е многу провиден, незнам дали учествува некој свесно од страна на македонскиот државен врв, меѓутоа, кругот е навистина е за мене многу провиден.

Втората манипулација кога станува збор за името што сега ни се сервира и што можеме да го чуеме секојдневно е тоа дека тоа ќе било привремено име на Република Македонија. Повторно сакам да ви кажам на сите вас овде. дека ако Република Македонија дозволи да биде примена под едно вакво име привременоста ќе трае во наредните 10 до 15 години со водењето на една ваква политика. Да бидете сигурни во

XI/7.-

тоа, некој рече и 100 години, може и 100 години ќе биде. Тоа е привременоста. Незнам јас од каде таа манипулација што му се сервира на македонското граѓанство, меѓутоа ќе ви кажам неколку работи.

Прво, во Обединетите нации не постои формална процедура привремено. Има тука стручњаци за меѓународната политика и нека ни кажат каде во Декларациите, Повелбите на Обединетите нации стои процедурата привремено. Можеби постои процедура посматрач, гостин или незнам што, меѓутоа, привремено таква работа нема. Значи се работи за една класична манипулација. Дали таа манипулација ни се сервира нека од други држави, дали таа манипулација се сервира внатре од Македонија, незнам, немам доволно информации, меѓутоа, е една обична манипулација. Значи, треба да бидеме сите свесни дека ако се прифати едно вакво име нема привременост, ќе ја доживееме во наредниот период, дали ќе биде тоа 5, 10, 15 или 20 години со едно вакво име. Зошто? Затоа што ако Советот за безбедност и големите европски држави сега ги прават тие напори да се реши прашањето на Македонија јас е ве уверувам дека на есен тоа прашање нема повторно да го отворат, ниту идната есен нема да го отворат ова прашање. Ова прашање ќе биде запечатено со една подолга иднина. Значи, ќе го добиеме тоа како едно постојано име.

Втората работа која исто така ни се сервира, при тоа дека ќе биде подготвено е фактот дека било привремено, меѓутоа, со арбитража ќе се реши прашањето во најкраток период. Јас можам да ви кажам дека и таа арбитража која ќе ни се понуди со тоа привремено име, повторно ќе значи само едно на таа арбитража можеме само да паднеме, затоа што на таа арбитража ќе одлучуваат политичките интереси, а не правните и моралните интереси. Значи, повторно и таа арбитража заедно со

/О,

привременото име е една голема манипулација кога ни се сервира. Тоа се тие неколку работи кога се однесува на тоа име Бивша Југословенска Република Македонија. Меѓутоа кога станува збор за целата таа процедура, јас не можам да го спомнам моментот дека мене ми е жал што повеќе од сигурно е дека за да се зборува за една таква нацрт Резолуција која е дојдена во овој момент на ниво да се одлучува во Советот за безбедност, морало да има некаква индиректна или директна согласност од Македонија. Двата главни повода се доаѓањето на Унпрофор и влегувањето на Македонија во Европската банка за обнова и за развој. Исто така и согласноста за меѓународниот монетарен фонд. Јас само сакам да ја потенцирам вината дека повторно е водена една слегоа надворешна политика, кратковидна надворешна политика чии резултат го гледаме.

На крајот кога зборуваме за целиот овој аспект на проблеми, не можам да го спомнам фактот, кој со жалење можам да го констатирам дека освен прифаќањето за Единбург минатиот месец на името Република Македонија - Скопје и овој пат на индиректен начин на името Бивша Југословенска Република Македонија, македонската надворешна политика и македонската меѓународна позиција е девалвирана во едни граници кои можат да се наречат крајно понижувачки. Целата Македонска држава и целата македонска борба за името Република Македонија е навистина девалвирана до степен до кој можеме само потоа да нагаѓаме што ќе се случи. Мене ми е многу жал што со една ваква позиција сега во Македонија испаѓа дека има некои кои се конструктивни и оние кој се деструктивни. Кој се конструктивните? Конструктивни се повторно левите партии односно коалицијата, затоа што таа е спремна да разговара за Република Македонија- Скопје, Бивша Југословенска Република или незнам што, а опозицијата е деструктивна, затоа што го брани оној принцип што го има единствен принцип , а тоа е

Уставот на Република Македонија, тоа е името, тоа е она што го знаеме единствено. За жал, тоа е позицијата сега во Република Македонија. Мене ми е многу жал што ние мораме да го кажеме она што многу овде не сакаат да го кажат, а некои дури сакаат да го направат успех. Мораме да го кажеме фактот дека во овој момент и по прашањето на меѓународното признавање и по прашањето на зачленувањето на Македонија во Обединетите нации Македонија дожиевеа еден огромен пораст. Она што ние го имаме тоа е пораст и ако не друго не треба да зборуваме за некои успеси , да ги погледнеме резултатите и конечно да почнеме да извлекуваме заклучоци за да може нешто да се подобри.

Во таа смисла јас на крајот само ќе кажам неколку сугестии за кои се надевам дека македонскиот државен врв ќе ги употреби во својата политичка пракса понатаму, за што поскоро меѓународно признавање на Република Македонија. Јас можев да ви кажам дека многу од тие сугестии веќе сме ги спомнувале, меѓутоа, се надевам дека овој пат ќе бидат корисни за секој оној кој сака да ја води надворешната политика Република Македонија.

На прво место без сомнение, ја подржувам иницијативата која беше овде неколку пати спомната и што веќе е ставена во процедура овој Парламент да донесе Декларација која е веќе понудена со која јасно и децидно ќе се отфрли името Бивша Југословенска Република Македонија. Само цврста и јасна позиција во овој момент и одговара на македонската надворешна политика. Тоа е првата работа. За да тоа го спомнам и за една друга работа, за да не рече после некој во Република Македонија од државниот врв, па не сме знаеле, па ни кажуваат дека сме многу мудри ама сега друго донесоа, да не ни каже  дека немале информации, да не ни каже дека не не прашал никој.

XI/10.-

Работата е многу јасна, Советот за безбедност од нас бара во овој момент да се одредиме дали го прифаќаме името Бивша Југословенска Република Македонија или го отфрламе тоа име. Мојот став е да се подржи декларацијата која е понудена во овој парламент,а тоа е парламентот едногласно и јасно со сите пратенички групи да ја отфрли Нацрт резолуцијата на Советот за безбедност. Тоа е првата работа.

Втората работа односно наредните работи кои сакам да ги сугерирам заради самата Влада, самата коалициона власт да си олесни многу работи чисто како сугестии сакам да ги наметнам.

Прво, минатиот пат зборував овде дека според актуелниот Уставен закон на Република Македонија член 14 сеуште надворешната политика на Република Македонија ја води СФР Југославија. Јас во оваа смисла минатиот пат го потенцирав тоа и никој не реагираше од страна на македонската државна власт. затоа, овде сакам и покрај тоа што претседателот на Република Македонија не е присутен овде да го замолам индиректно како претседател да покрене иницијатива за бришење на членот 18 од Уставниот закон на Република Македонија со кој веќе нема надворешната политика на Република Македонија формално и правно да ја води Социјалистичка Федеративна Република Југославија и доколку тоа не го направи претседателот и покрај тоа што можат да го направат 30 пратеници.

XII/1 ЈМ/НД

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ**:(Продолжение)

Јао овој пат сметам дека треба претседателот да го направи, за да целиот народ види дека повеќе нема седење на две столчиња. Едноставно да се покрене од страна на претседателот таа иницијатива за да можеме формално да се ослободиме,за да можеме слободно да работиме во понатамошната наша надворешна политика. Во таа смисла исто така она што досега безброј пати сме го потенцирале, офанзивна надворешна политика со координација. Во таа смисла мене ми е многу жал што во Република Македонија сеуште не постои ниту еден фонд кој ќе ги финансира активностите не само на власта, на сите политички партии, на сите интелектуалци во Република Македонија, на сите научници во Република Македонија, на академиците за борба за меѓународно признавање на Република Македонија. Сметам дека е крајно време таков фонд да се направи во Република Македонија. Ние имаме стотици примери каде што да речеме наши научници, наши академици се поканети на најразлични расправи, собири, конференции во Европа и светот во овој момент. Стотици од нив не одат, затоа што не можат да ги покријат патните сметки. Зошто македонската влада не сака да излезе со една помош, па да видиме навистина дека ова формално барање сите да се вклучиме во меѓународната политика на Република Македонија не е само вака декларација, туку навистина тоа е една конкретна политика која се помага.

Второ, да се направи конкретен фонд со кој директно ќе се прави пропаганда за меѓународното признавање на Република Македонија. Секој ден гледаме пропаганди платени во весниците во сите европски и светски големи весници. Колку Македонија досега има направено и платено такви пропаганди? Зошто Република Македонија не може да

издаде една обична брошура која ќе ја дели на секој туристички, или на секој политички претставник кој доаѓа во Македонија. За жал тоа до ден денеска не се случува.

И конечно кога зборував,јас и пред малку го начнав проблемот за договорот меѓу Владата внатре во самата себе и покрај тоа што веќе чув дека тука сите претставници на коалицијата ПДП- НДП имаат голема желба Македонија да биде што поскоро признаена. Јас навистина сметам дека Македонската влада треба да обезбеди уште утре рано сабајле една кола од државната управа на Владата на Република Македонија и да им даде на петте министри од албанско потекло во македонската влада да ја посетат Тирана и да замолат од господинот Бериша меѓународно признавање на Република Македонија. Јас сум уверен доколку овие пет министри од македонската влада утре сабајле ако појдат во Тирана, веќе на ручек односно на пладне ние ќе имаме меѓународно признавање од Република Албанија. Затоа навистина сметам основна, морална должност е на коалиционите партнери од албанските партии е токму тоа да го направат, да престанат со дволичната политика и ако не друго да и донесат на Македонија едно меѓународно признавање од Албанија. Повеќе не ни треба, другите меѓународни барања, признавања ако треба и самите ќе се бориме меѓутоа сметам дека нивната морална должност е тоа меѓународно признавање да го донесат од албанската држава. Јас се надевам

**ЈОВАН МАНЧЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колешки и колеги пратеници, јас ќе бидам краток бидејќи не патам од логореја, сепак ќе се трудам да го кажам она што го мислам.

XII/3

Во времиња како овие тешки, судбоносни за еден народ и една држава единството е најважно до се. Единството е потребно дури и во грешките. Во тоа треба да се учиме од Грците кои секој пораз го претвораат како победа. Додека ние и при успесите си ги вадиме очите. Јас не би рекол дека последното е победа за Грција. Не мислам на критиките изречени со добри намери да се исправат грешките што ги направила нашата дипломатија, зошто нема непогрешливи, туку на критизерството управено само во еден правец, борба за власт. Како и да е мораме да си признаеме како пратеници дека останавме посиромашни за една затворена седница на која информациите не би биле така строго дозирани. Вака ни беше достапна само надворешната форма, но не и суштината. Не верував дека ќе ги дознаевме сите сцили и харидби на кои наидува нашата дипломатија, но многу работи би ни биле појасни и зошто некој бил претеран оптимист зошто некој се излагал во проценките, дали некој и кој ја заслужил нашата почит, или нашиот презир. Во таквите услови на комуницирање некој ќе веруваше, а друг не, но секој ќе си изградеше своја вистина Верата и верувањето ни се неопходни. Потрагата по златното руно не верувам дека била понеизвесна, подраматична и со помали напори, одошто напорите, неизвесноста и драматичноста во докажувањето на нашиот идентитет и потрегата по пошироко меѓународно признавање на Република Македонија. За одговорноста при поширокото признавање на Републиката не може да се зборува само за званичната политика и политичарите, туку и сите оние кои немаат одмереност во изречениот збор. Така пред Лисабонската декларација се создаде заблуда во Европа поради посетата кај Алојз Мок дека Македонија би го променила името во замена за признавањето од Европската заедница. Штетните контакти што ги имаа одредени партии и со северниот сосед, а особено во

последно време со ВМРО-СМД од Софија, или еуфоричните изјави за држење конгреси и разни карти што се дистрибуираат и друго. Исто така, му наштетија на напорот што го правеше нашата дипломатија како и неодмерените изјави на албанскиот национален блок и нивното или, или, алудирајќи на граѓанските права и отвореноста на албанската популација во Македонија. Човек би требало да се подзапраша дали албанските претставници во Собранието учествуваат во градењето на власта, или прават нешто друго? Клеветите околу ембаргото спрема Србија, тврдењата дека Македонија не е загрозена дека не ни треба никаков Умпрофор се тези на Грција. Сега ја слуша- ме и тезата дека не ни е потребно пошироко меѓународно признавање зошто сме си доволни самите на себе и со оние што евентуално не признале. Министерот Малевски побара, односно замоли за бон-тон. Јас тоа го сфатив како да се оставаат зарецитe, клетвите, легендите, да се биде реален, свртен кон сегашноста. Не се сомневам во добрите намери на сите претходни дискутанти, но незнам колку се свесни сите тие за тоа дека и патот до пеколот е постелен се и само со добри намери. Не сум за дополнителни декларации кои само ја усложнуваат состојбата во која сме. Ако веќе стоиме позади Уставот нашата при- јава до ОН под името Република Македонија и меморандумот на претседателот на Републиката кој се надевам го изразува и нашето мислење и нашето расположение,без резерва на сите. Нам може се да ни се земе. И немаме многу, малку земја, душа и едно име, но, не може ништо ниту да ни се даде, па било тоа и некое ново име.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ја прекинувам седницата.

Седницата ќе продолжи со работа во понеделник со почеток во 10,00 часот.

(Седницата прекина во 17,10 часот)